**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Сто дваесет и четвртата седница на седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 март 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ванчо Ѓорѓиев, Владо Паунков, Никола Ќурчиев, Рафет Муминовиќ, Никола Груевски, Љубе Бишковски, Петар Наумовски, Али Ахмети, Абдулаќим Адеми, Фазли Велиу, Теута Арифи, Мендух Тачи, Џевдет Насуфи, Абдуладил Вејсели и Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со работа по 14-та тока-Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за јавните патишта, со Предлог на закон.**

Претресот не е завршен.

Има збор господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

На увид имаме мал закон, а предизвика голема расправа. Ние сме и познати по мали работи, меѓутоа знаеме да ги драматизираме.

Почитувани колеги, почитуван претставник на Владата, не ми е јасно после еден цел ден, после вчерашниот ден откако имав можност да ги слушам што претставникот на Владата, што пратениците, навистина не ми е јасно и сеуште се прашувам за потребата и основаноста од донесувањето на еден ваков закон. Законот се на се, се состои од два члена од кои вториот член е кога се применува, а првиот член е членот со кој се менува членот 109. Значи ако членот 109, стариот текст од Законот имаше 11 точки, сега новиот има три, а станува збор за ослободување, поточно кој се може да биде ослободен од плаќање на надоместок, или таканаречена патарина.

Да бидам искрен, кога се најави носењето на овој закон, очекував дека со измени на Законот за јавни патишта ќе добиеме едно покомплексно решение, особено решение за она што претставуваше проблем. Да не повторувам, мислам дека повеќе од јасно е, јас бев тој што на господинот замник министер му поставив прашање по однос на средствата кои се прибираат во Фондот, колку се планирани, колку од нив се остварени и да бидам искрен до ден денес, по овој основ, по основ на патарината добив одговор само колку се планирани, а не добив одговор колку се и остварени односно реализирани. До ден денес тој одговор го немам добиено. Се надевам дека до усвојувањето на овој закон нема да ги добијам, а најверојатно на седницата за пратенички прашања ќе имам можност да видам што е остварено, а што не.

Не е случајно тоа што како прашање го поставив на седница за пратенички прашања, затоа што ако го имав сега како одговор, можев појасно и посликовито да разговарам на оваа тема зошто сега се носи овој закон. Значи, не треба да заборавиме дека секое носење или измена на закон, пред се треба да го разгледаме од финансискиот аспект, особено кога станува збор за јавни давачки. Можеби ваквиот закон ние требаше да го разгледаме на Комисијата за финансирање и буџет, но во недостаток на образложенија и немаше што да дискутираме. Значи, пред се, многу е битно да направиме една паралела, една ретроспектива station наназад, колку по овој основ од планираното е остварено, дали планираното во Буџетот е претенциозно или не се знае точно да се испланира, или пак е надфрлувана таа бројка, или пак е реализирано така како што е планирано. Тоа е едната работа.

Втората работа е каде се трошат тие пари? Сите ние, кога го усвојуваме Буџетот, пред нас имаме што се планира во рамките на фондот. Меѓутоа, да не заборавиме дека оваа јавна давачка за надомест за користење на патиштата, или наречена патарина, повеќе години со донесувањето на овој закон, се плаќа во Република Македонија. Главното прашање е што од тоа се искористило и каде се искористило. Ако воведувањето на една ваква јавна давачка беше со цел и со основна намера да се подобри состојбата со патиштата во Република Македонија, затоа што очигледно дека од средствата од Централниот буџет не се доволни, тогаш таа намена требаше да биде и реализирана. Да бидам искрен, до ден денес јас немам видено некое подобрување на состојбата со патиштата во Република Македонија. Тука сега не сакам да зборувам за "Македонијапат" како јавно претпријатие затоа што тоа работи на начин, со оние средства што ги добива од Фондот. Токму тука ми беше прашањето, колку од Фондот се рефундираат средства за "Македонијапат" по овој основ и колку тие ги употребуваат за реконструкција и тн. Треба ли да напоменеме дека патиштата во Република Македонија, особено регионалните или магистралните се во таква лоша состојба што откако се направени до ден денес не сум видел некое посериозно реновирање, а на тоа барем јас сум сведок затоа што секој ден патувам и знам колку дупки има по патот и колку пати сум го оштетил возилото заради разни аномалии по патот. Не е мала работа од Прилеп да дојдете до Скопје и да дадете преку 300 денара за патарина, секој ден, а да не се прашувате каде одат тие средства и што од тоа што сте го дале, овој Фонд го искористил за која намена. Прашањето, исто така ми беше дали патарината се собира само за да ги надполниме платите на некого, како

администрација затоа што Буџетот не може да ги издржи, или може да ги издржи. И за тоа, исто така, не добив одговор.

Зошто, почитуван заменик министер очекував покомплексно решение?

Јас воопшто немаше да дискутирам по овој закон ако некој не спроведе кампања по однос на плаќањето на патарината од страна на пратениците и тоа лично спрема мене и спрема господинот Андов. Мене и нему ни се случи на патарина да не проверува инспекција и да ни објаснува дека согласно Законот за јавни патишта, ние како пратеници не можеме да бидеме ослободени од плаќањето на патарината. За него не значеше ништо нашата легитимација. За него не значеше ништо тоа што седум години како пратеник не сум плаќал патарина врз основа на таа легитимација. Човекот сакаше да ми направи записник и да ме пријави затоа што одбивав да платам патарина, од причини што јас сметав дека сум во право.

Првата причина е затоа што имаме легитимација и во таа легитимација пишува она што и вие го читавте, а можеме да го толкуваме како сакаме. Тоа е една работа.

Втора работа е затоа што постои Закон за пратеници. Независно дали е покрената иницијатива пред Уставен суд или не, тој сеуште е во сила, каде јасно е кажано дека пратеникот е ослободен од ваквите давачки.

Третата работа тоа што пратениците, за разлика од сите развиени земји во околината која не опкружува, за жал, покрај тоа што се професионални пратеници, барем оние кои доаѓаат од внатрешноста, се и професионални шофери. Значи не само што возиме секојдневно, туку ги користиме и сопствените возила, да не речам ги кршиме секојдневно и сега за тоа ни се дава надомест, согласно законските обврски, за амортизација, за потрошен бензин и тн., што значи доколку би плаќале и патарина и тоа би не се рефундирало. Значи повторно, некој тука го отвори прашањето, од еден во друг џеб.

Во вашето образложение во законот стои дека со ваквите измени кои сега ги нудите, ќе се подобри состојбата во финансирањето односно во приходувањето и на тој начин и во целокупниот фонд. Ако треба, генерално зборувам, значи од сите овие што сега ги тргате од можноста да бидат ослободени од плаќањето на патарината, генерален заклучок е дека само ја пренасочуваме работата од еден во друг џеб и со тоа не се добива ништо. Ако е клучниот проблем пратениците да плаќаат патарина и ако благодарение на 120 пратеници од кои помалку од 50% се од внатрешноста и ако заради нивното плаќање или неплаќање ќе се подобри состојбата во Фондот, еве ние сами без да ни носите закон ќе одлучиме да платиме и секој ден да плаќаме, па дури и да не ни се рефундираат средствата, само нека се подобри состојбата со патиштата во Република Македонија. Но, верувајте тоа е една капка во морето и верувајте дека со тоа не се решава проблемот. Ќе повторам, овој закон, почитувани колеги не е ништо освен еден политички памфлет што сака да ни го подели власта за да си ги оправда сите оние потези кои ги направи пред да гоноси овој закон, а тоа е стопирање на пратениците од опозицијата, вклучително мене и господинот Андов што имавме такво искуство да се расправаме со некакви инспектори и да им објаснуваме колку закони има во Република Македонија и кој треба да се применува за оваа намена.

Го слушав образложението и на позицијата и на вас почитуван заменик министер дека ваквото решение не не рангира нас поточно не не опфаќа и не знаете зошто ние се буниме, затоа што само од нешто што било регулирано сега се намалува дека пратениците и понатаму ќе ја користат легитимацијата и со тоа ќе бидат ослободени од плаќање на патарина. Навистина едно тесно објаснување и навистина нелогично објаснување, нелогично затоа што проблемите излегоа, нелогично затоа што овде се убедувавме и со пратенички прашања и на не знам каков начин се убедувавме кому да веруваме, дали имаме претставник на Владата, кој тоа овде јавно го зборува, или на инспекциските органи кои во континуитет и понатаму продолжуваат да си го применуваат Законот за јавни патишта, а таму не стои дека пратеникот е ослободен од плаќање на патарина. Значи кога зборувам дека очекував да имаме комплексно решение, требаше тоа да го направиме. Ако сте го стесниле кругот на оние кои сега се ослободуваат и на некои кои не треба да бидат ослободени од плаќање на патарина, не знам што беше причината да не ставите уште еден член со кој ќе потенцирате дека овој закон нема да се применува за пратениците и тн., согласно Законот за пратеници, согласно Законот за избор на пратеници, согласно уште еден куп законски решенија кои тоа го овозможуваат и тука ќе го расчистевте проблемот и тука немаше да си играме политика да запираме, од страна на власта, поточно инспекциските органи да запираат пратеници, ама исклучиво од опозицијата, да ги оцрниме пред јавноста, дека, еве Жарко Караџоски, Стојан Андов и уште не знам кои се такви кои не плаќаат патарина, кои се арогантни. За разлика од нив, пак пратениците од позицијата воопшто не се ни запреа ниту некој се обиде да ги опомене. Тоа е едната работа.

Втората работа, веќе ни е доста да слушаме, овие денови се изнаслушавме, а очигледно тоа го подгрева некој, да испаднеме најцрните овци во оваа држава, а тоа се пратениците. Се што се носи во овој Парламент, се што нешто се донесе во некаква корист на пратениците, се е ставено под некаква, да не речам капа, но под некаква реакција каде испаѓа дека пратениците мислат само на своите привелегии. Јас би ги заменил моите привелегии со било кој во оваа држава, нека патува тој секој ден место мене, да види ако

изгледа, па тогаш да ги носи одлуките вакви какви што ги носи. Тоа е една работа. Второ да не заборавиме, пратениците сепак се претставници на граѓаните кои ги бирале. Секој пратеник тежи најмалку 10 илјади гласачи и со тоа ние ја правиме рефлексијата кон одреден број на граѓани на Република Македонија.

Повторно ќе кажам, овој закон не е ништо друго освен миењето на раце од она што се направи а кое не требаше да се направи, за сето тоа сега да се замаскира под изреката на некакво си подобрување на финансиската состојба, се нуди еден ваков закон, ајде да не речам директно, иницирaн од она што се случи, конкретно со мене како пратеник и со господинот Андов и за прашањата кои ги поставувавме.

Да ве потсетам господине заменик министре, премиерот го најави овој закон кога јас поставував прашање за тутунот, на пример, кое немаше блага врска со овој закон. Тој го најави носењето на овој закон како некое средство со кое сега ќе се заштитат одредени институции.

Заради сето ова мојот предлог до вас како предалгач, или до парламентарното мнозинство е, најмалку што можете да направите е да го повлечете овој закон, да си седнете во Владата и да размислите добро кои проблеми ја сочинуваат оваа проблематика, кои се суштинските проблеми што треба да решите со овој закон. Тоа е едната работа.

Втората работа е, откако ќе го повлечете да понудите еден закон со кој ќе ги решите комплексно сите проблеми кои произлегуваат од оваа работа, а не да оставите повторно, со носењето на ваков закон да се прашуваме дали сега некој, вклучително и ние како пратеници сме ослободени или не сме ослободени и да го оставаме тоа толкување на секој инспектор кој ќе се најде на патарина и да не малтретира за некакви основни работи. Значи ставете го тоа директно во законот. Ставете дека пратениците треба да плаќаат патарина, не се бунимение, но нека биде одредено и утврдено во закон, да имаме јасна одредба, да не направиме забуна ниту меѓу нас, ниту ај оние кои го спроведуваат законот. Дајте една таква одредба. Нека биде јасен законот. Вака како што се предлага, повторно останува нејасно, освен за оние категории кои сега ги исклучувате. Направете едно прецизно решение, направете, уште подобро, нов закон, не само еден член. Јас да ви кажам, има толку работи во овој закон што треба да се сменат, можеби не е момент сега да се зборува.

Во Република Македонија, почитуван претставник на Владата, се поставува основно прашање дали воопшто и треба да плаќаме патарина. Што ефект од тоа има? Кој пат се реновирал? Тоа е една работа.

Втора работа, се отвора прашањето, ако веќе мора да се плаќа патарина како јавна давачка, дали има алтернативни патишта што јас по моја волја сакам да користам магистрален пат и за тоа ќе плаќам патарина, но ако не сакам да платам патарина, има ли некаква алтернатива, некој друг пат кој ќе го заобиколи, како што е секаде во светот, не сакам да плаќам патарина, нема да возам по магистрален, ќе возам по некаков си друг регионален пат. Не вие да го терате народот со сила, сакал или не сакал, да плаќа нешто што нема друга алтернатива.

Трета работа, милион пати овде се зборува за висината на давачките. Јас освен што слушам поскапување, никогаш немам слушнато за поефтинување. Имајте ја предвид економската состојба на граѓаните на Република Македонија од кои преку 50% се невработени, имајте ја предвид и состојбата на оние кои се вработени, колку земаат плата и пресметајте ја патарината, па ќе видите колкаво е тоа оптоварување на семејниот буџет на секој еден граѓанин. Нашите цени за едни такви патишта какви што ги имаме се рамни на оние во Грција, се рамни на земјите членки на Европската унија, ама таму имате услуга, таму имате патишта. Кај нас немате ништо. Добри сме кога треба да земеме пари од некого, ама лоши сме кога треба да направиме нешто со тие пари.

Повторно ќе упатам апел, повлечете го законот, не ги доведувајте пратениците на позицијата сега да не знаат што да прават, дали сами против себе да си гласаат, или да го послушаат премиерот и вас како претставници на власта, односно на Владата и не ги доведувајте во ситуација, навистина и тие да не знаат што да направат, или пак обратно, да не дојдеме во ситуација да не го изгласаме овој закон. Најпаметно решение е да го повлечете. да седнете уште еднаш да размислите добро, не на брзина и комплексно да го решиме проблемот, така како што треба, со сите проблеми што овој закон очигледно ги има. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Тромбев имате збор.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги рпатеници.

Ги слушавме вчерашните дискусии и денес го слушав господинот Караџоски и за жал фокусот на сите дискусии се сврте во друга страна, во одбрана на права на пратениците, дали треба да го уживаат тоа право или не. Јас не би дискутирал во тој правец, меѓутоа би сакал да истакнам дека и вчера и денес се промовираа два аршина во однос на правата и обврските на пратениците и да не заборавиме дека Законот за пратеници регулира права и обврски на пратениците. Законот за јавни патишта регулира начин на изградба, начин на одржување и режим на користење на јавните патишта кои се доро во општа употреба на сите граѓани на Република Македонија.

Пратениците се само еден субјект кои што ги користат тие патишта.

Меѓутоа, уште еднаш јас би сакал да поставам прашање, иако кај нас во Законот за јавни патишта уште во 1990 година е воведен принципот на концесионирање на давање под концесија на јавните патишта. Што ако некој пат во Република Македонија биде даден под концесија, дали режимот на ослободување ќе биде ваков каков што го имаме кај нас. Јас ќе ви кажам дека има примери во Европа, во државите од Европа каде што ниеден субјект не е ослободен од плаќање на надоместок, како што е кај нас во законот, на надоместок за користење на јавни патишта. Меѓутоа, постои процедура, согласно која процедура одредени субјекти добиваат право да го користат патот, но пак не без плаќање. Таа процедура е, се земаат електронски картици, се ставаат микро чипови на самите возила, каде што далечински се отвораат рампите, така што во секој случај ние ова што го зборуваме е нешто што треба да дојде во наредниот период кај нас. А, ова денес што го носиме овој закон е некоја меѓуфаза, некоја подготвителна фаза за таквиот период. Слушнавме и дека патарините во претходниот период и покрај задржување на цените кои што тврдат се исти уште од 2002 година, па до денес, наплатата е зголемена два пати. Тврдам дека со ваквиот принцип на организација на собирање на патарините дека ќе продолжат слоупотребите од различни субјекти. Затоа, е потребно кај нас во Република Македонија да се воведе нов систем, кој што го зборував на самата Комисија за транспорт, врски и екологија, систем кој што треба да се воведе со електронски картици и далечинско управување на патните рампи. Тоа е систем кој што нема да дозволи бенефиции, нема да дозволи различни привилегии и на сите кои ги користат јавните патишта. Факт е дека досега ја имавме проширено самата листа на субјекти кои што ги користеа привилегиите да не плаќаат патарини и кои што всушност беа ослободени од плаќање патарина, а впрочем и покрај четирите измени на Законот за јавни патишта, ние сме како Собрание едни од оние кои што донесовме такво проширување на таа листа. Ако се сеќавате во 2004 година ние сите тука гласавме да се додаде на листата дека и возилата на Министерството за финансии, Царинската управа се ослободени од плаќање на патарина. Искрено да ви кажам, по мое мислење таа листа е премногу голема и треба да се намали. Затоа, е оваа промена за која што зборував дека треба да биде некое времено решение до нов начин на собирање на патарина, кои што од друга страна пак, треба да резултира со намалување на цените на патарината во наредниот период. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Станковска, повелете.

**Славица Станковска:** Благодарам претседателе. Пред почетокот на седницата еден мој колега ми рече, Славице се повеќе ме потсеќаш на една наша колешка која формира сопствена партија. Па, јас лично се прашувам дали е добро да имаш или е уште подобро да немаш сопствен став. За среќа јас имам сопствен став и често го искажувам во рамки на пратеничката група, а исто така и од оваа говорница.

На почетокот ќе кажам дека не го поддржувам ставот искажан од координаторот на пратеничката група на која припаѓам и јас, не заради тоа што не го почитував, од едноставна причина што јас не сум била присутна на седницата кога тој став е изграден, ниту пак сум дала поддршка на тој став што не ме обврзува да немам ни сопствен став.

Кои се причините поради кои Владата го предлага законот? Последното законско решение, како што е наведено во причините на самиот закон создава услови за ослободување на голем број на субјекти, лица за плаќање на надомест на користење на патиштата. Заради тоа е неопходно да се намали бројот на субјектите, со што ќе имаме и поголема наплата, поефикасна наплата, а со тоа и поголем прилив на средства во Јавното претпријатие односно во Фондот за патишта.

Ако се сака да се постигне поголем прилив на средства, со што би се унапредил и подигнал квалитетот на услугите што ги дава Јавното претпријатие за патишта, ќе говорам само, иако овде беше кажано дека не се однесува само на пратениците како дел од институциите кои ќе бидат опфатени или треба да бидат опфатени со плаќање на патарина, но заради тоа што припаѓам на Собранието и сум дел од овој парламентарен состав, јас само од аспект на пратеник како субјект кој ќе подлегне на ова законско решение, што е она што Јавното претпријатие ќе го добие или нема да го добие.

Ако условно земеме дека еден мал број на пратеници секојдневно патува, можеме да кажеме 50 до 60, тогаш да кажеме дека средствата кои ќе бидат наменети односно кои ќе бидат дел од средствата на сметка на Јавното претпријатие, ќе видат навистина занемарливи средства. Тоа се средства што навистина мислам се симболични и можеби не заслужуваат ваква дебата во Парламентот. Но, ако условно кажеме дека сите 120 пратеници, заради тоа што немаат никакви услови, немаат обезбедено станови од Собранието на Република Македонија и условно да речам се принудени да патуваат секојдневно, тоа се 120 пратеници. Јас од Куманово до тука имам две наплатни рамки, во две насоки тоа се 4 наплатни рампи, тоа се 4 белешки дневно. Колегите кои патуваат од Охрид во еден правец и имаат 4 наплатни рампи, тоа се осум. Условно да речеме во просек на секој пратеник да има по пет наплатни рампи, пет наплатни рампи за еден пратеник за 120 пратеници, тоа се вкупно 600 белешки дневно. Мислам дека многу поголемо време на администрација и ангажираност за проверка на овие белешки на наплатните рампи ќе чини повеќе отколку што се самите средства

што ќе ги добие Јавното претпријатие. Условно ќе ги добие, заради тоа што ако Собранието има обврска на пратениците да им ги исплаќа патните трошоци, сигурно за рефундација ќе подлежат и средствата што пратениците ќе ги даваат на наплатните рампи.

Сега, малку на сметка на Собранието и на сопствена сметка. Можеби медиумите многу малку се занимаваат што е она што го губат односно на штета на пратеникот, што е она што оди на штета на пратеникот многу повеќе и поинтересно е за гледачите, за слушателите, што е она што го имаат пратениците. Да кажам дека од јануари наваму не ни се исплатени патните трошоци. Јас како пратеник ако не секој втор ден, секој трет ден морам да ставам бензин во моето возило, заради тоа што секојдневно патувам. Тоа значи условно два месеци односно три месеци, јас го финансирам Собранието, а ќе бидеме принудени и 2-3 месеци однапред да ги даваме парите на Јавното претпријатие, а само времето ќе покаже кога и како ќе ги наплатуваме тие средства што ги даваме.

Се прашувам, дали ова е привилегија што ја имаат пратениците однапред да даваат за нешто што мораат, заради тоа што тие се професионално вработени и оној што сака совесно да ја обавува функцијата пратеник, тој сака и треба да дојде на своето работно место односно да учествува во работата на Парламентот.

Да не зборувам за ставот на Владата односно на кој начин беше промовиран овој закон. Ми пречи, искрено да ви кажам, не статусот на пратеник, ние сме обични луѓе како и сите, не треба да имаме посебни привилегии, не се чувствувам посебно или поинаку од обичниот граѓанин, оваа моја функција ја сметам само како дел на поинакви обврски или работни задачи што треба да ги извршувам. Но нема да ни забележите зошто при расправата по овој закон, најчесто и најмногу дискутираме од аспект на пратеник, заради тоа што и кога беше најавен законот од премиерот, прво што го слушнав на медиумите, беше еве и пратениците ќе плаќаат. Јас не слушнав од премиерот да рече дека има и некои други субјекти, кои можеби се и побројни и кои многу повеќе го употребуваат и злоупотребуваат правото да плаќаат на наплатни рампи, прво беше кажано дека пратениците се тие. За жал, кога се најавува некоја мерка од страна на Владата, не само оваа мерка, туку мерка како што беше декомпресија на личните доходи, многу беше злоупотребувано и користено во медиумите да се каже колку тоа ние големи лични доходи имаме. Тука не беа спомнувани личните доходи на министрите, заменици министри, државните советници, администрацијата, судиите итн, тоа е една армија или плејада на луѓе, најчесо или најмногу беше користено да се каже колку тоа ние сме безобразни, дрски и дозволуваме така да се однесуваме и да ги злоупотребуваме парите на граѓаните односно на Буџетот.

Нема да ни забележи и не треба да ни забележи ниту Владата, ниту пак некој друг заради тоа што реков најексплоатиран дел во оваа држава се пратениците односно Собранието. Очигледно, ние стануваме дежурен виновник за сето она што се случува во државаа односно за сето она што не функционира добро. Вчера еден колега многу убаво кажа дека и кога беа тешки времиња, требаше да се подметнат плеќи, да се дојде до крај, да се финишираат законските решенија кои се во функција на целосна реализација на Рамковниот договор, тоа достојно го правевме и сметавме дека треба и тоа до крај го реализиравме онака како што треба. Но, некој сопствените пропусти или аномалии да ги префрла единствено на Парламентот, мислам дека крајно е некоректно. Не велам дека ние не носиме дел од вината, дотолку повеќе вината е во она што на почетокот го кажав. Вината е во она што немаме сопствен став или имаме, не зборувам дека немаме, но ако реков пратениците на позицијата треба да бидат логистичка поддршка на Владата за до крај да ја реализира програмата зад која стои парламентарното мнозинство, така и треба да се однесуваме. Но, пратениците и Парламентот да не бидат за еднократна употреба, заради тоа што удел во сето она што е навистина и позитивно во државата, има и Парламентот односно и Собранието.

Понекогаш кога ќе ги прочитам написите во медиумите, станува барем во овој парламентарен состав, иако активно ја следам политиката, не само од 1991 година, туку и претходно, мислам во едноумието како што сакаме популарно да го кажеме, ми се чини дека ниеден парламентарен состав немал толку тешка задача, а ниеден парламентарен состав не бил толку деградиран односно толку девалвиран во очите на обичниот граѓанин од сите субјекти, а сигурно и најмногу од медиумите.

Не сакам да говорам, макар што на оваа тема има уште многу да се кажува, мислам дека навистина Парламентоа заслужува да отвориме дебата каде сме ние и каде треба да бидеме, каква држава сме и каква сакаме да градиме. Но, за тоа реков во некоја друга прилика.

Сега, да се вратам уште еднаш на Законот кој стои пред нас. Колегата пред малку рече што ќе се случи ако патиштата ги издаваме на некој концесионер. Тогаш мислам дека навистина нема да има никаков проблем, заради тоа што концесионерот гледајќи го сопствениот интерес ќе го регулира режимот на наплатните рампи и тука нема ништо спорно, ниту пак на некому ќе му пречи. Најмалку ми пречи пратениците да плаќаат, сакам и пратениците но и министрите и сите да се однесуваат како обични граѓани. Ако ние немаме сопствени возила и сопствен шофер, нека и министрите и државните секретари и

заменици министри да бидат со сопствени возила, па нека рефунцираат средства што ќе ги дадат за патните трошоци и нека идат тие со патнички автобуси, авиони, железнички линии итн, како што е во современиот свет и во демократски развиените земји. Мислам, воопшто не ми пречи и сакам навистина во иднина и Македонија да ја видам како земја во која сите граѓани ќе бидат еднакви, заради тоа што еднакви како и да сакаме, мислам и по природа на нештата и не сме еднакви, но подеднакво ќе ги користиме сите привилегии и бенефиции што ги има во државата. Можеби најдобро решение е да се потруди Министерството и Владата на Република Македонија да ги софистицира на некој начин наплатните рампи односно она што беше спомнато да се користат електронски картици, заради тоа што кога имаме техника, тогаш таа не привилегира, не дава можност за коруптивно однесување на надлежни субјекти и сите субјекти ги прави рамноправни.

Од сето ова што го кажав, јас нема да го поддржам ваквото законско решение, заради тоа што ефектите од ова законско решение навистина ќе бидат симболични. Ако потрае овој парламентарен состав, јас и за неколку месеци, се надевам и другите колеги, ние ќе побараме и финансиски да не извести Министерството кои се тие ефекти што ги постигнало, иако многу помпезно беше најавувано дека ќе бидат ефектите добри и дека тие ќе придонесат за унапредување на дејноста на ресорното министерство односно на Јавното претпријатие за патишта. Ова навистина, не сакам да мислам, но ова ми звучи малку популистички и ова е мерка која се лепи за увото на обичниот граѓанин и не сакам најмалку заради тоа што припаѓам на парламентарното мнозинство, ова да се свати како маркетинг пред престојните парламентарни избори. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господинот Петар Апостолов има три минути реплика.

**Петар Апостолов:** Благодарам потпретседателе.

Јас многу кратко би ја прашал колешката дали зборуваше за Предлог за донесување закон за изменување на Законот за јавни патишта или зборуваше за Законот за пратениците. Еднаш дискутираме дека мене не ме интересира што ќе се случи, не е проблем, после се враќа обратно, сум многу заинтересирана. Мислам дека ние прилично го експлоатиравме пратеникот, да се вратиме на законот односно на Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за јавни патишта. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика, пратеникот Станковска Славица.

Повелете госпоѓа Станковска.

**Славица Станковска:** Благодарам потпретседателе.

Колега, јас мислам дека вие научивте, кога се носи закон во нормална процедура, кога се зборува за потребата, тогаш се води општа расправа и тука може да се говори за се. Заради тоа што, овој закон се носи по скратена постапка, тоа значи дека јас можам да говорам и за причините и за се она што мислам дека на некој начин директно или индерекрно е во врска со Законот за јавни патишта. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Ивановска Лилјана.

Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Иваноска:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Владата.

Измените и дополнувањата на Законот за јавните патишта, навистина дебатата во овие дискусии од вчера попладне и денес не го заслужуваат нивото на дискусии во Собранието како да се работи закон за пратеници. Нема да се впуштам во дебатата која што зборуваа колегите пратеници пред мене вчера и денес во делот на пратениците и секако дека тоа е во делот на внатрешно функционирање и уредување на Собранието и во делот на правата и на обврските на пратениците и тоа таму се решава. Впрочем, во постојниот Закон за јавни патишта во членот 109 пишува дека се ослободуваат од плаќање на надоместок од член 96 точка 4 на овој закон возилата на Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија. Така, досега ослободени беа возилата на Собранието, меѓутоа, Собранието не поседува возила, туку возниот парк е на Владата на Република Македонија. А, во пратеничката легитимација не стои дека пратениците се ослободени од надоместокот за плаќање, туку дека пратеникот има право на бесплатен превоз во јавниот патнички сообраќај. Пратеничката легитимација служи за легитимација на пратеникот дека е пратеник.

Ќе се вратам на Законот за јавни патишта. Овој закон ги уредува Законот за јавни патишта, условите и начинот на изградбата на реконструкцијата, на одржувањето, заштитата, користењето, управувањето, финансирањето на јавните патишта и надзорот. Овде сме токму на финансирањето. Во делот на финансирањето на јавните патишта освен другите главни услови, извори на финансирање на тие дејности што се предмет на законот, претставува и овој надоместок за кој што дискутираме за делот на измените. Таа листа која што стоеше во член 109 се 11 точки ослободени од плаќање, а во Предлог на законот сега се наведуваат три субјекти кои што ќе бидат ослободени од плаќање на надоместок.

Тоа се возилата со полициска придружба видливо означени возила на АРМ, Полицијата, итната медицинска помош, против пожарната служба и погребални возила и возила на лица заболени, да

не ги бројам дијагнозите кои се наведени во точка 3.

На Комисијата за транспорт,врски и екологија едногласно ги подржавме измените и дополнувањата на Законот за јавни патишта. Се разви дебата околу овие ослободувања дали за точката 3 каде имаме амандман, да не дојде до злоупотреба на лица заболени од следниве дијагнози да има дополнувања со соодветна потврда и пак останува дилемата дали овие лица исто така нема да бидат злоупотребени или тие да го злоупотребуваат своето право. Останува дилемата која се разви на Комисијата околу ова ослободување од точката 3.

Исто така имавме дилеми околу прашањето за возилата на Јавното претпријатие наменето за одржување на автопатишта, магистралните и регионалните патишта. Јас лично сметам дека овие возила треба да бидат вклучени од ослободување и инспекциските служби за патишта и патен сообраќај. Истите се вработени во Јавното претпријатие кое врши наплата на надоместокот, па како тоа ќе се реши, нека размисли Владата и Фондот за патишта.

Јас лично ги подржувам измените и дополнувањата на законот за јавни патишта од следните причини:

Бидејќи овие измени и дополнувања ја зајакнуваат дисциплината за наплата на овој надоместок, принципот на еднаквост на граѓаните при јавните давачки, зборувам за приватни потреби, не за службени, службените потреби сите институции се должни да си ги обезбедат своите финансиски средства, меѓутоа, за приватни потреби сите граѓани на Република Македонија треба да плаќаат надоместок вклучувајќи ги и пратениците. Приватните потреби се приватни потреби, впрочем и господинот Ерван Фуере неодамна изјави по повод наплаќањето, случајот што го спомна господинот Караџоски и господинот Андов за какви потреби биле не знаеме, меѓутоа, дека не платиле патарина.

Во контекст на мојата дискусија ќе кажам дека Фондот и ЈП Македонијапат треба да ја зајакнат контролата при наплата затоа што во дводневната дебата заборавивме да испуштиме за лошата навика 50:50 на наплатувачите со возачите на било какви возила. Оваа навика многу ја намалува наплатата иако слушнавме дека во изминатиот период е зголемена наплатата.

Понатаму, Владата односно Министерството за транспорт и врски да ни достави некаков извештај во делот на прибирањето на овој надоместок и проблемите со финансирањето на Фондот за патишта со цел изградба на поквалитетни патишта. Секако намалувањето на надоместокот за плаќање со кој се соочуваат граѓаните на Велес кое беше вчера спомнато дека во двата правци наплаќаат на пример исто како граѓанин од Струмица. Не сразмерно е патувањето на километражата која се патува од Велес до Скопје во двата правци плаќаат исто како еден патник од Струмица кој поминува подолга километража.

Во иднина на развојот на користење на јавните патишта можеби размислувањето за укинување на надоместокот, меѓутоа, мора да се најде друг начин на френкврентноста на возење и користење на патиштата и наплаќање на тој надоместок на тие што повеќе возат, повеќе ги оштетуваат патиштата секако дека треба повеќе да платат, но затоа што финансирањето е и преку горивото и преку регистрацијата, но преку овој надоместок е еден дел. Со модернизацијата и секако со едни годишни картички кои и пратениците би ги добивале и министрите и локалната самоуправа, овде испуштивме да кажеме дека и локалната самоуправа во иднина ќе го плаќа надоместокот, така што плаќањето на надоместокот се воведува за повеќе субјекти во Република Македонија, а не само за пратениците како што се наметна впечатокот во оваа дводневна расправа.

Јас лично ќе го подржам донесувањето на законот за јавни патишта.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Владата.

Сметам дека е промашена темата која се дискутира за законот за јавни патишта затоа што се се сведе на тоа дали некој бил ослободен или не од плаќање. Се сведе на она што колешката Станковска кажа, на популизам. Зошто? Затоа што дали е ослободен некој или не, не зависи дали плаќа на лице место или после тоа му се признаваат тие трошоци. Значи, зборуваме за ослободување за приватни потреби што е сосема различно од она што се предлага односно што се сака да се покаже преку донесувањето на овој закон . Популизмот го гледам во тоа, бидејќи формализирањето на ова прашање кое го слушнавме сега дека можело да биде со картичка, а немало да биде со пратеничка легитимација или посебно означени возила на Армијата, навистина не гледам никаква разлика од она што е сега како состојба. Или од главната цел која ја имаме тука тоа е дали оние кои прават трошоци во прашањето на својата службена задача, службена обврска ќе им бидат признаени. Секоја фирма ги признава тие трошоци што значи дека таа не треба да биде тема околу која би се дискутирало.

Повеќе би сакал да дискутираме за основната цел на постоењето на законот за јавни патишта, а тоа е изградбата, одржувањето и заштитата на патната мрежа, режимот на користењето на патиштата, патната сигнализација итн. Сметам дека вака како што се предлага измените кои се предлагаат на овој начин не претставуваат ништо друго, туку само тргање на вниманието од проблемите со кои се соочуваат

тутунопроизводителите, лозарите, стечајните работници, невработеноста, потоа ефикасноста на институциите на системот, економската стагнација на Република Македонија. Ние треба да зборуваме за вакви теми и ова се темите кои треба да ги интересира претставниците на Владата на Република Македонија и по итна постапка во забрзана процедура да донесуваат мерки кои ќе значат исполнување на барањето на граѓаните на Република Македонија во оваа свера, а не замајување со теми кои навистина немаат никаква врска со овие проблеми кои навистина претставуваат реални животни проблеми на граѓаните на Република Македонија.

Понатаму, кога зборуваме, зборуваме истовремено и за Фондот за магистрални и регионални патишта, за средствата кои се предвидени во Буџетот на овој Фонд, за намените на овие средства, за начинот на нивно трошење, а потоа зборуваме за работењето на ЈП Македонијапат кое е директно поврзано со оваа проблематика и на тој начин јас би сакал кога зборуваме на оваа тема да ги отвориме прашањата кои се однесуваат на патната мрежа во Република Македонија, кои се однесуваат на патниот правец Прилеп - Велес - Плетвар, третата лента зошто застана, зошто не продолжи со изградба, зошто парите не одат по инвестиции во патната мрежа, туку се трошат само за минимално одржување на таа мрежа, зошто имаме патишта каде нема доволно сообраќајна сигнализација, зошто на општините од овие средства кои произлегуваат не само од надоместокот за кој зборуваме сега од патарините, туку и од многу други извори на средства вклучувајќи го и делот кој е наменет за овие намени при продажбата на нафта, при регистрацијата на моторни возила, да ги видиме сите тие средства колку се, да го отвориме тоа прашање и на тој начин да разговараме за законот за јавни патишта. Ние се фативме дали пратениците или незнам кои други биле претходно ослободени или не биле ослободени. Сметам дека нивото на ова Собрание не треба да го дозволува тој начин на дискусија по однос на вака значајно прашање како што е ова затоа што сме свесни дека секојдневно по патиштата во Република Македонија има сообраќајни незгоди каде се повредуваат граѓани на оваа држава учесници во сообраќајот и ние треба да зборуваме од тој аспект, од аспект како да ги подобриме патните услови во Република Македонија. Дали е потребно покрај овие автопатишта за кои зборуваме дека се плаќа надоместок да има санитарни чворови покрај нив, зошто дел од овие средства не се вложуваат таму дали е добро или лошо, дали некој треба да го каже ова, да го поведе како иницијатива од говорница на Парламент, па некому да му падне на памет да се позанимава со овие прашања.

Ако се сеќавате за време на Олимписките игри во Грција имаше обврска заради зголемениот број на патници поставување на вакви чворови, но и тоа не се случи, се поставија инцидентно без никаков концеп, без долгорочно решавање на овие проблеми.

Дајте да ги видиме каде одат оние средства кои се планирани и реализирани. Кога зборуваме за средства од надоместок за користење на автопат, ние зборуваме за парите кои се земаат од граѓаните на оваа држава. Што добиваат тие за тоа што плаќаат 5 евра за да дојдат од Прилеп до Скопје. Што добиваат како против услуга од Фондот за магистрални и регионални патишта од Македонијапат освен што гледаат дека се бојадисани патиштата, има лента на средина која покажува дали е дозволено или не претекнување, гледаме дека има странична сигнализација на тие патишта, знаци кои се поставени години наназад и толку. За тоа наплаќаме на граѓаните на Република Македонија износ кој не е за занемарување имајќи во предвид дека патарината чини скоро исто колку и патна карта со автобус за истиот правец.

Ако веќе го отвораме ова прашање, ако веќе Владата го отвара ова прашање да го отвориме прашањето баш суштинското не само кој треба да биде ослободен, а кој не треба, туку колку треба да биде реалната цена  која треба да ја плаќа македонскиот граѓанин за користење на автопатиштата. Тоа е едната работа.

Втората работа која преставува обврска на Владата на Република Македонија согласно Законот за јавни патишта дали вие им овозможувате на граѓаните на Република Македонија да не мораат да патуваат по автопат за кој се плаќа надоместок, туку му се овозможува и алтернативен пат по кој ќе можат во полоши услови да стигнат до саканата дестинација. Дали тоа како обврска што ја имате во законот за јавни патишта вие им го овозможувате на граѓаните за да можете објективно со чист образ да побарате од нив наплата на средства за користење на автопат. Фактички на овој начин се принудуваат граѓаните на Република Македонија да плаќаат средства и она што не може Владата да го направи, а тоа е полнење на Буџетот заради економска активност во државата се зема на еден или на друг начин од граѓаните на Република Македонија како што беше случај се покачуваат цените на цигарите, се даваат за здравство, сега се покачуваат патарините, се даваат за плати на вработените и за други намени итн.

Значи, Буџетот овде не дава свој придонес во подобрување на условите за патниот сообраќај во Република Македонија.

Кога зборуваме за ефикасност на наплатата на патарините и тоа е прашање кое треба да се разгледува и на тој начин да го поставиме овој проблем дали патарината се наплаќа ефикасно? Кога веќе зборуваме какви се искуствата во западните земји, јас не знам зошто не се прифаќаат тие искуства. Да ги видиме, да ги пресликаме и кај нас да ги примениме истите. Или она што сакаме да го пласираме како тема пред

народот го пуштаме, а целината на проблемот не сакаме да ја допреме. Јас сакам да зборуваме за целината на проблемот, за сите аспекти на овој проблем затоа што Фондот за магистрални и регионални патишта, Македонијапат треба да вложат пари за остварување на еден систем за ефикасно прибирање на патарина кое ќе значи прибирање од страна на сите учесници во сообраќајот кои ги користат тие патишта, кое ќе значи можност за алтернативни патишта кои ќе можат да ги користат учесниците, нема да бидат обврзани да одат по оние патишта каде се плаќа и да се разговара околу вистинската цена на чинење на тие автопатишта. Дали цената на патарината одговара на потребите и на услугите кои се даваат од страна на оние кои ги прибираат тие средства. Каква е врската која овде се истакнува постојано помеѓу ослободувањето од патарина и ефикасноста во прибирањето на средствата. Тоа нема никаква врска. Ефикасноста се однесува на сите оние кои имаат обврска да плаќаат и собирањето на патарината зависи од функционирањето на системот на наплата како целина. Ослободувањето, за да биде целосно јасно за што станува збор, сакам на граѓаните да им го презентирам досегашното решение по однос на ова прашање. Значи, ослободени до сега од плаќање на надоместокот за користење на автопат беа АРМ, сега со овој Предлог закон се предлага Армијата исто така да биде ослободена со тоа што возилата би биле видливо означени, а јас не знам како да бидат видливо означени возилата на Армијата, тие мора да бидат така означени, бидејќи се возила на Армијата на Република Македонија или дали ова значи дека сите оние службеници кои работат во рамките во Министерстото за одбрана доколку на службените возила имаат видлива ознака дека тие возила се на АРМ ќе бидат ослободени од плаќање на патарина.

Понатаму, досегашното ослободување се однесуваше на возилата на Собранието и Владата на Република Македонија и собранијата на единиците на локалната самоуправа. Сега истите тие возила, бидејќи тие се службени возила, се користат за службени потреби ќе плаќаат патарина, а потоа средствата ќе ги плаќа Собранието или Владата од Буџетот кои пак се прелеваат од еден џеб во друг, што би рекол народот и на тој начин ние немаме ослободување, туку начин на администрирање на трошоците кои се однесуваат по овој основ.

Понатаму Министерството за финансии и Царинската управа до сега можеа сега не можат што значи дека еден државен орган се намалува од ослободување од плаќање. Она што е интересно, во досегашното законско решение многу прецизно беше наведено дека возилата на противпожарната служба наменета исклучиво за заштита од пожари. Значи, доколку оди против пожарно возило на некаков сервис во Скопје од некој друг град или не мора во Скопје, доколку мора да помине онаму каде има патарина сега ќе биде ослободено со овој Предлог што се нуди сега, а до сега беше ослободено само доколу оди на интервенција.

Понатаму полицијата во целина сега ќе биде ослободена, сите возила на полицијата, на Министерство за внатрешни работи, а до сега беше возилата на полицијата наменети за контрола на патниот сообраќај.

Ако веќе зборуваме за намалување на бројот на учесници во сообраќајот кои се ослободуваат од плаќање на патарина, тогаш на овој начин ве уверувам дека се зголемува бројот на возила кои се однесуваат на правото на ослободување од плаќање на надоместок.

Она што се укинува сега се странските дипломатско конзуларни претставништва кои до сега беа ослободени, а ослободувањето на овој надоместок е предвидено со меѓународна спогодба или ако постои реципроцитет. Јас не ја гледам причината затоа што и меѓународните договрои се однесуваат на тоа. Доколку постои ослободување за нашите дипломатско конзуларни претставништва во тие земји, реципрочно нормално и логично е и во нашата земја да постои ослободување на дипломатските возила на таа земја каде постои ослободување за нашите дипломатски возила при плаќањето на ваков вид на надоместоци.

Панатаму, во точката 7 од десегашниот закон возилата на Јавното претпријатие наменети за одржување на автопатиштата, магистралните и регионалните, беа ослободени од плаќање на овој надоместок. Сега велите дека тие нема да бидат ослободени. Навистина не ја гледам логиката ако јавното претпријатие чие возило треба да интервенира на патот да не биде ослободено од плаќање на патарина, која е целта на плаќањето на патарината. Ако е целта да се помине преку тој автопат услугата која ја користи тоа возило факт е дека на овој начин тоа не оди за да користи услуга, туку оди за да изврши интервенција доколку има потреба од поправка на некој пат, од потполнување на одредена дупка или менување на некој сообраќаен знак.

Понатаму инспекциските служби за патишта и патен сообраќај до сега беа ослободени, а сега инспекторите кои треба да контролираат дали некој платил или не платил патарина ќе треба и самите доколку пет-шест пати ја поминат истата патарина затоа што треба тука да контролираат ќе мора да ги плаќаат овие патарини, а потоа пак соодветното Министерство за транспорт и врски преку Државниот инспекторат ќе ги повратат тие средства од Буџетот на Република Македонија.

Значи, нема ослободување, туку пак администрирање на тие трошоци. И она што досега беше како ослободување, а го гласавте и вие колеги пратеници при увозот на производи за Република Македонија кои што треба да бидат ослободени од плаќање на царина, ако се сеќавате, тоа се хуманитарните организации

наменети за превоз на хуманитарна помош за Република Македонија, значи возилата на овие хуманитарни организации. Државата Република Македонија ги ослободува стоките кои што ги внесуваат, а кои што се наменети за хуманитарна помош во Република Македонија од плаќање на царина, а на овој начин возилата со кои што се врши превозот на тие стоки се обврзани да плаќаат надомест за користење на пат, што навистина нема никаква логика на овој начин да ги казнувате оние лица на кои што им е наменета таа хуманитарна помош, а во најголем број случаи таа хуманитарна помош е наменета за лица кои што се болни, или за медицински центри каде што имавме такви донации во поглед на возила за итна помош инт. И други видови на опрема кои што значат директна помош за граѓаните на Република Македонија.

Во однос на онаа точка што останува, значи, за Владата на Република Македонија, оние кои што навистина има аргументи и аргументира да бидат ослободени од плаќање на патарина, тоа се погребалните возила и за нив нема никаков проблем, иако треба да се сфати дека и вршењето на погребалните услуви преставува дејност која што е приватна дејност и тие фирми кои што се занимаваат со таква дејност работат исто на профитабилни основи како што работат и другите компании кои што се занимаат со друга дејност. Значи, и овој дел кој што е наведен овде, навистина јас не гледам зошто и со кои аргументи ви е предложен, освен ако нема некои посебни интереси за предлагање на вакво решение. Затоа, јас на крајот од моето излагање сакам да побарам како пратеник во ова Собрание од Министерството за транспорт и врски преку Фондот за магистрални и регионални патишта пред се, средствата кои што се во износ од 14 милиони евра за 2005 година да бидат вложени во доизградба на третата лента на патниот правец Плетвар, да бидат вложени во изградба на патот Струмица - Радовиш, да бидат вложени во подобрување на условите во патната мрежа во Република Македонија, да ги намалат цените на патарините кои што ги плаќаат сиромашните граѓани на оваа држава, затоа што цените кои што ги плаќаат се исти како и патните билети со кои што патуваат до дестинацијата каде што одат и на тој начин ќе покажат дека навистина се грижат за граѓаните на оваа држава, а не темата за изменување на Законот за јавни патишта да биде дали тоа ќе биле пратениците, или ќе биле погребалните возила, или возилата на хуманитарните организации, или дали со меѓународни спогодби сме биле ослободени, или не сме биле ослободени реципрочно од ваков вид на давачка. Затоа, несериозниот пристап при донесувањето на овој закон за мене не претставува аргумент за да поддржам вакво решение.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика пратеникот Томе Тромбев.

**Троме Тромбев:** Благодарам претседателе.

Јас би сакал само накратко да се навратам на оној повик на господинот Стојаноски за да се продолжи изградбата на патниот правец Градско Прилеп кој што беше отпочнат со градба последната година од мандатот 2002 година во време на Владата на ВМРО - ДПМНЕ и двете наредни години продолжи оваа Влада да го гради и верувам дека ќе продолжи да го гради овој пат. Меѓутоа, се работи за нешто друго. Би сакал господинот Стојаноски да го запрашам дали е свесен дека на времето кога се правеше регионалната студија за патниот транспорт, зошто во таа студија како патен коридор на кракот на коридорот 10 наместо од тогаш постоечкиот патен правец Велес-Прилеп се воведе во периодот на Владата на ВМРО ДПМНЕ се воведе кракот Градско - Прилеп наместо постоечкиот кој што и сега е воведен, со судни маки се изборивме да го вратиме, бидејќи тоа е единственото решение за Пелагонискиот регион.

И втора работа која што би сакал да ја кажам во однос на изјавата на господинот Стојаноски, дека се работи за ослободување на патарините т.е. администрирањето, дека во развиените земји многу е битна евиденцијата на поминати возила по јавните патишта, бидејќи во крајна линија евидентирањето е многу битно за димензионирање на коловозите на таквите јавни патишта. Затоа што доколку немате точни податоци од евиденција на поминати возила, тогаш имате лоши коловози. А слушнавме дека и тие кажуваа дека нашите коловози се полни со дупки, дека не се одржуваат итн. Ете, зошто е причината да се промени овој закон.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Аднан Ќахил.

**Аднан Ќахил:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министре, почитувани пратеници.

Денеска имаме Предлог за донесување на закон за именување на Законот за јавните патишта, со Предлог на закон и доста се дискутираше за оваа работа. Мислам дека сета работа се сведе на тоа зошто пратениците да плаќаат, или да не плаќаат патарина. Иако, јас сметам дека кога се носат закони треба да бидеме многу покомплементарни, да донесеме закон кој што одговара на насловот. И она што јас можев од предоајето во воведот да видам, апсолутно пратениците се во право кога дискутираат дека тоа се сведува само на тоа, дали ќе треба, или не треба да плаќаат патарина. Само ќе потсетам, во причините за донесување на закон велите: причини за изменување на Законот за јавни патишта произлегуваат од одделните прашања од досегашната негова примена, како и од потребата за постојано унапредување и подигање на квалитетот на услугите што ги дава јавното претпријатие. Поаѓајќи од досегашната примена на законот слична беше оценката дека законот создава услови за ослободување на поголем број на

субјекти и лица од плаќање надоместок итн. А не се вели, не се објаснува дека законот дозволува, или не дозволува да се вложи и да се инвестира во тие патишта, во таа инфраструктура, да се подигне квалитетот на услугите. Значи, едноставно услугите не треба да бидат само дел од автопатите кои ги имаме, тие услуги треба да ги опфаќаат и регионалните и другите патишта. Но, ако сте на терен и ако патувате, ќе видите дека апсолутно не кореспондира со реалноста, затоа што не само што дупка до дупка е, туку тоа не е реалност, нешто што треба да биде обврска на јавното претпријатие за тоа што е основано за да внимава, за да оценува кога, како треба да го подигне квалитетот на услугите и патиштата да ги доведе во таква состојба да нема застој во сообраќајот. Често пати има проблеми. Проблемите се од таква природа што очигледно некој не си ја врши својата работа. Мислам дека стои тезата дека не наплаќањето, или неефикасна наплата на патарината на наплатните рампи нема врска со ова, со законот, затоа што неефикасната наплата, или ефикасната е обврска на јавното претпријатие за оваа намена, или Фондот за патишта. Јас се согласувам дека може би е подобро, и најдобро решение ние да немаме наплатни рампи од овој тип, едноставно да имаме можности наплатните рампи да ги создаваме така што да работат на чипови, да работат на самоконтрола, да можеме да им дадеме на претпријатијата и на луѓето кои ги користат јавните патишта едноставно преку чип картичка да се регистрира, да се поминува. Во тој случај злоупотребата сигурно би се свела на најмало можно ниво, или на нула, со тоа што сите тие корисници на услугите на јавните патишта вклучително и на автопатите би давале на своите потенцијални корисници картици со кои што на некој начин се регистрира превозот на тие јавни патишта. Тоа не се прави. Јас ќе прифатев ако имавме еден комплементарен закон, закон каде што ќе се предвидуваше како, на кој начин ќе се вложува во јавните патишта, вклучително и автопатиштата, на кој начин ќе се регулира подоброто осветлување, влез, излез, во автопатот, контролата, сите тие работи што би требало да бидат дел од ефикасната услуга кои би требало да ги нуди јавното претпријатие што впрочем имаме систем на јавно претприајтие, или претпријатие кое дава услуги, треба да бидат на највисоко можно ниво и на примател на услуги кои плаќаат патарини. Тоа не се случува. Јас овде ќе прифатев да плаќаат сите апсолутно, вклучително и пратеници во овој дел, ако се обидевме, или се обидевте вие во текот на овие години да направевте по ефикасна наплата и од година на година да имаме се повисока наплата, на пример 90% ефикасна наплата и да кажеме: да, имаме ефикасна наплата на автопатиштата и сега треба да направиме начин каде што тие корисници ќе уживаат најмалку од можни бенифиции и на тој начин ќе имаме систем каде едноставно тие бенифиции ќе бидат во најмала мерка сведени. Тоа го немаме. Едноставно се сведува дали и на кој начин ќе имаме привилегирани, или нема да има привилегирани во таа ситуација и едноставно пратениците се ставаат во топ форма дека пратениците се најпривилегирани во таа ситуација, а заборавајќи дека пратениците се преставници на народот, најмалку 10 илјади луѓе претставуваат и дека пратеникот е институција, дека претставува држава, дека од пратениците произлегуваат сите закони и сите законски можни решенија и дека не би требало така лесно да се бега од таа реалност, користејќи споредбени податоци за некои земји, дека така било во некои земји. Но, во некои други земји пратениците на некој друг начин пратениците имаат привилегии во однос на авиосообраќајот, привилегии во однос на другиот вид на сообраќај, привилегии во однос на бродскиот сообраќај итн. Но, она што е најважно, во тие земји очигледно дека контролата се врши на многу подобар начин, а ние со ова не успеавме тоа да го направиме. Значи, не можеме да направиме контрола, како што вели народот: не можеме по магарето, ајде да удриме по самарот, да го направиме тоа.

И во однос на решенијата, ќе дадам само еден пример дека не се водело сметка до крај дали може да има други импликации. Во точка 2 од член 100 се вели дека видливо означени возила на Армијата на Република Македонија, полицијата. Велите, полицијата, што ако некој е во служба, тајна служба, вози приватна кола. На кој начин тоа ќе го регулирате? На кој начин тоа ќе се регулира. Дали тој едноставно ќе мора да плати. Ќе видиме како тоа ќе се направи. Ова се решенија, но ќе видиме дали тоа така ќе биде, времето ќе покаже. Дали она што вие предлагате на најдобар можен начин ќе се реализира, или не? Во вашиот закон што вие го предлагате, пак ќе повторам апсолутно не кореспондира со насловот и ова се сведува само на тоа колку ние ќе ги намалиме субјектите кои се ослободуваат од плаќање на патарина. Мој предлог е овој закон да се повлече, да се направи комплементарен закон затоа што вие во овој закон, а не знам во кој закон тоа се предвидува, ако има дупка на автопатот, плаќам патарина, а ако ја искршам полуосовината, кој одговара за таа работа? Тоа треба да се регулира. Но, тоа оди во судски лавиринти, па оди решавај после тоа. Би требало тоа да се регулира, ако веќе имаме закон би требало и тоа да го регулираме во законот. Тоа не се прави. Затоа кога ќе дадеме закон треба да биде апсолутно комплементарен за сите оние работи што се нудат во форма на услуги и за кои фирмата, јавното претпријатие бара надокнадување на тие услуги. Едноставно да се сведе на тоа, пратениците и другите треба да плаќаат, иако по мене не треба да плаќаат, бидејќи едноставно треба тие книшки што пишува ослободување од плаќање за користење на јавниот превоз, па да се каже дека патарините не влегуваат во јавен превоз. И тоа треба да се

дефинира поинаку. Јас сум на становиште дека вие треба да го повлечете овој закон, да направите покомплементарен закон, закон кој ќе ги тангира сите делови во однос и на плаќањето и на не плаќањето. Но, она што е најнеопходно во еден определен период, во определен временски рок да направите поефикасна наплата, да видиме кои се кривците зошто тоа се случува така. Не е возможно во едно јавно претпријатие апсолутно никој да не одговара, почнувајќи од директорот па надолу, да не одговара затоа што имаме неефикасна наплата и заради таа неефикасна наплата некој да каже дека заради тоа ние сега ќе направиме кругот на тие што треба да плаќаат потесен и подобар за вас. Мислам дека ваквиот пристап на законот е многу погрешен и не е добар. Едноставно ако имаме ефикасна наплата во однос на патарините и она што се вика давачки за патарини, во тој случај можеме да воведеме систем на електронско раководење на овој систем, со тоа што секое претпријатие, секоја фирма, вклучително и Собранието на Република Македонија на корисниците на услугите ќе има даде чип картичка, а чип картичка ќе земе од јавното претпријатие или ќе плати, или ќе му се подари и на тој начин апсолутно во Република Македонија нема да имаме привилегирани барем во тој сооднос луѓе, или институции кои не плаќаат патарина и во Македонија нема да бидат привилегирани тие што не плаќаат, односно некој во нечие име треба едноставно да се "богати" користејќи ги тие привилегии. Ако не се наплаќа и ако едноставно користат, дали се воведе една судска постапка некој да одговара за таа работа, некој на наплатна рампа, некои раководители, за некои од раководствата имаме ли судска постапка? Ако немаме судска постапка, ако немаме кривец, од каде произлегува дека не се наплаќа патарина, или тоа е паушално. Таква анализа не видов, немаме. Мислам дека ние како пратеници заслужуваме да имаме таква анализа, да видиме во која мерка се врши наплата и колкава е ефикасноста. Се додека не видиме таква анализа, се додека немаме одговорни институции, луѓе и раководители кои едноставно не си ја вршат работата, а за тоа се назначени, за тоа и добиваат плати како што нам ни се вели дека ние сме избрани од народот да ја вршиме нашата работа и тие се избрани да вршат работа во име и презиме на некое општествено добро кое е со име и презиме на народот. Тоа не се врши, тоа не се прави и мислиме дека со овој закон тоа ќе го стекнеме. Јас се прашувам, точно, ние нема да наплаќаме. Што ќе правиме со тие, до сега имаше стотици дозволи од јавното претпријатие при Фондот за патишта кои даваа дозволи на нивни луѓе, дозволи на луѓе кои едноставно можеби работат таму и поминуваат, а тие дозволи сеуште траат, а се издадени за цела 2006 година. Дали таквите дозволи ќе се укинат, или ќе се продолжи да се даваат таквите дозволи, или пак едноставно со укинување на овој закон, а неприменливост и неприменување на овој закон, ќе имаме пак ефикасна наплата? Јас прашувам, после донесување на овој закон, ако имаме ефикасна т.е. не ефикасна наплата како што беше во минатите години, кој ќе одговара за таквата ситуација? Јас не можам да кажам дали е ефикасна, или не е ефикасна наплатата, бидејќи немам анализа. Јас кога ќе имам писмена анализа, да знам дека толку проценти се очекува, а толку проценти е реализирана, во тој случај ќе можам да констатирам и ќе имам појдовна точка, појдовна основа врз основа на што ќе кажам дека во 2006, во 2007 година се подобрила наплатата, или се влошила наплатата. А за тоа ќе се согласите дека треба некој да одговара. Во таква ситуација во некомплементарност на овој закон каде што се сведува пак само до тоа дека пратениците и други институции треба да плаќаат патарина, се сложувам до некаде. Но, не се сложувам дека треба да се донесе врз основа само на овој закон, бидејќи овој закон е многу штур, многу едноставен и многу е едностран. Повлечете го, направете покомплементарен закон со подобри и поконцизни решенија каде што ако се имплементира и неплаќањето на пратеници, но со сите консеквенции и за другите институции и некорисници, или корисници кои ја користат оваа привилегија, или ја злоупотребуваат привилегијата со определени законски решенија и законски казнени нормативи, во тој случај овој закон може да биде применлив.

Да не заборавиме, на некој начин Собранието избира Влада, а Владата е основач на тоа јавно претпријатие. Еедноставно, не може само Јавното претпријатие да носи закони како што во оној момент му текнало или, едносавно што не си ја вршел работата за што е основано, а тоа е раководење на јавните патишта, сите патишта, вклучително и регионални и автопатишта, контрола, вложување и она што се нарекува ефикасна наплата во однос на ова. Тоа се пари од народот и за народот, ако некој тоа го злоупотребува, а сигурно најмалку тоа го злоупотребуваат пратениците, треба да бидат казнети. До сега, таква казна, таква санкција не видов дека е предложена од страна на Јавното претпријатие, уште помалку од Владата и дека некој е казнет за таа работа. Очигледно подебелиот крај го влечат пратениците.

А, да ве потсетам, пратеничката функција е институција, без разлика дали сум јас денеска или утре, ние треба да имаме дигнитет, а споредувањето со Европа и светските земји во некој контекс што вам ви одговара, само би препорачал да ја видите и другата страна, во некои други земји членки на ЕУ каде пратениците имаат други, многу поголеми привилегии, а никому не му паѓа на памет на тие пратеници да им ги ускрати тие права. Им паѓа на памет да ги контролира и тие што ги злоупотребуваат да ги казнува, но ние тоа не го правиме, почнувајќи од пратеничката функција па надолу, а очигледно бараме други алиби - решенија, така што овој закон, овака штур е алиби - решение. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ќахил.

Дали од пријавените е за реплика?

Три минути реплика за пратеникот Голомеов Благој.

Повелете господине Голомеов.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине потпреседателе,

Јас имам реплика на дискусијата, како дискусија, на нејзината структура. Мислам дека два дена губиме време на едно законско решение што е кратко и прилично јасно во делот што се сака со него да се постигне. Мислам дека 80% од дискусиите се сведуваат на тоа дали пратениците треба да бида изземени или не треба да бидат изземени. За мене е нелогично, бидејќи создаваме една непримерна атмосфера во однос на јавноста.

Пратениците, ниту не имаше во претходниот закон, ниту не има во овој закон, во поглед на ослободување. А, притоа, немаме ниту еден амандман од ниту еден од нас пратениците, не е доставен амандман да овие што треба да бидат ослободени, бидат пратеници. Според тоа, мислам дека јалово дискутираме два дена без потреба.

Се согласувам дека ова не е решение на проблемот со наплата на наплатните рампи. Организацијата околу таа наплата. Меѓутоа, е дел на проблемот. На овој начин навистина се стеснува кругот на оние кои можат да бидат привилегирани или кои едноставно поради природата на службата што ја обавуваат, како што се Армијата, итната медицинска служба и тн. треба да бидат ослободени и не треба да бидат запирани на наплатните рампи.

Меѓутоа, сите други а и во многу други земји, едноставно тој круг на ослободени е минимален, а некаде воопшто и го нема.

Република Македонија како земја со ограничени економски капацитети, сигурно дека развојот на патната мрежа ќе мора да го насочува да го развива по пат на концесија. Во такви услови, како што беше спомнато и од господинот Тромбев, јас се прашувам кој тогаш ќе биде ослободен од патарината?

Едноставно, организацијата на Собранието е негова организација на работа и дали пратениците ќе плаќаат и како ќе се рефундираат тие средства, според мене е сепак дел на организацијата на Собранието на Република Македонија. Инаку, се согласувам дека проблемот, повторувам, е комплексен. Едноставно треба да се направи реорганизација на наплата на овие патарини.Никаде не се наплаќа како што се наплаќа во Република Македонија. Луѓето треба да се заштитат од разните насилници. Знаеме што се се случува на тие наплатни рампи, се кршат рампите, едноставно силеџиски однесувања и тн. Но, исто така, треба да се стесни и просторот и да се оневозможи корумптивното однесување при наплатата.

Така што мислам и апелирам дека е ред да престанеме со вакви дебати, паушални и едноставно да се однесуваме малку посериозно.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Голомеов.

Една минута контра реплика за пратеникот Аднан Ќахил.

Процедурално имате збор господине Мешков.

Повелете господине Мешков.

**Љупчо Мешков:** Благодарам потпретседателе,

Прво, ова не беше реплика никаква од колегата, зошто по Деловникот знаете што е реплика и како се прави.

Меѓутоа, од процедурална гледна точка сакам да кажам нешто. Од неколку пратеници од претходниот дискутант беше речено дека ние, процедурално, разгледувајќи го законот, работата сме ја свеле само на пратениците.

Прво, овој закон, ова е процедурално...

**Слободан Најдовски:** Ќе ве молам, не е процедурално, ова е дискусија. Процедурално е ако е повредена процедурата од моја страна или на претседателот кои ја водиме седницата. Од нас не е повредена процедурата.

**Љупчо Мешков:** Потпретседателе, му дозволивте пет минути да реплицира, а не беше никаква реплика. Дозволете само една реченица да кажам.

**Слободан Најдовски:** Ќе ви дозволам кога ќе се пријавите за дискусија.

Една минута контра реплика за пратеникот Ќахил Аднан.

Повелете господине Ќахил.

**Аднан Ќахил:** Незнам како да реплицирам, контра репликата, бидејќи не ја сватив како директна реплика. Можам и јас така индиретктно да одговорам.

Во мојата дискусија никаде не кажав дека ја поддржувам идејата дека не треба да плаќаме. Напротив, реков дека овој закон не е комплементарен, треба да има след на нештата, треба да ја подигнеме ефикасноста на наплатата, да направиме низа работи, промени во законите за да дојде до таа работа.

Но, една работа да ви кажам, кога зборувате за Европа, во Европа се прави така. Да, но во Европа каде ќе најдете ситуација да со влез на Гостивар плаќаме патарина и на излез да плаќаме патарина. Ако ми кажете дека во светот такво нешто се случува ќе ве оправдам. Никаде во светот такво нешто не постои, на влез и на излез на автопатот да се плаќа патарина. Тоа е регулирано на друг начин во светот. За тоа кажувам дека треба да се направи след на нештата и едноставно да имаме ефикасна наплата.

Уште една работа, јас бев министер во Владата и некои кои се тука. Владата префрлаше пари за нивните министри, паушално, за патиштата. Не дека не се плаќало.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ќахил.

Има збор пртеникот Балковски Љупчо.

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани пратеници,

Овој Предлог на закон за измемнување на Законот за јавни патишта, со еден член, навистина имаме големи дискусии, но се прашувам дали ќе се постигне целта со донесување на овој Предлог-закон? Според мене, нема да се постигне целта, затоа што и во образлолжението, меѓутоа и во причините за донесување на законот се кажува следното:

"Поаѓајќи од досегашната примена на Законот, присутна беше оценката дека Законот создава услови за ослободување на поголем број субјекти и лица од плаќање надоместок за користење на патиштата. Заради тоа се наметна потребата од менување на одредбата што се однесува за намалување на бројот на субјектите, а кои во голема мера беа поставени на широка основа".

Е сега, во образложението на овој Закон се кажува дека "Имајќи ја предвид оценката дека ова право на користење од страна на субјектите утврдени во член 96 од овој закон се мошне широко поставени, се наметна потребата од соодветно негово рестриктивно користење, односно намалување". Потоа, се препишува членот што доаѓаме до исто.

Ако целта на овој закон, бидејќи не се кажува што е целта, затоа имаме причина и образложување, меѓутоа, ако причина на овој закон е намалување на субјектите кои користат ослободување од плаќање патарина, тоа можеше да се постигне со само една реченица - никој не е ослободен од плаќање на надоместок. На таков начин мислам дека  многу поефикасно ќе имаше примена отколку што оставаме простор, сепак да имаме возила што се ослободени од плаќање. Возилата што се ослободени од плаќање можевме да ги решиме на друг начин, односно да се решат во Владата, во министерствата, дури и во Собранието. Меѓутоа, ќе се знаеше дека никој во оваа држава не е ослободен од полаќање на надоместок. На таков начин законот ќе беше ефикасен.

Сега одиме со менување на само еден член што и тоа не е намалување на субјектите што се ослободуваат од надоместокот, бидејѓи членот што се предлага е само позбиен и во некоклу ставки. Инаку, ако ги разгледаме сите точки ќе видиме дека само неколку субјекти се намалени.

Има возила со полициска придружба и видливо означени возила на Армијата. Во членот што се менува, прва точка е Армијата на Република Македонија.

Потоа, Собранието и Владата на Република Македонија и собранијата на единиците на локалната самоуправа, посебно означени. Овде тоа го нема. Меѓутоа, бидете сигурни ве уверувам дека тие возила и после донесување на овој закон нема да плаќаат патарина. Тоа не зависи дали е нешто напишано во закон или не е напишано. Тоа зависи како се однесуваме сите ние на патарините.

Без разлика што во Законот пишува дека возилата од Собранието и возилата од Владата нема да бидат ослободени од плаќање надоместок, тие нема да плаќаат.

Направете една анализа, откако ќе се донесе овој закон, дека некои се за, некои се против, ќе видиме како ќе испадне, и тие кои се за имаат навистина аргументи и тие кои сме против имаме аргументи, меѓутоа, навистина ви кажувам дека и возилата на Собранието и возилата на Владата на Република Македонија нема да плаќаат надомест односно ќе плаќаат овие два-три дена кога сите ќе гледаат дека е донесен законот, а после тоа никој. Бидете сигурни. Затоа што имаме врботени кои максимално професионалн си ја вршат работата. Не е проблемот во вработените на патарините, затоа што малку се изместува работата и кажуваме да, имаме неплаќање и невнесување во ставката на Буџетот за плаќање патарина, па проблемот е во вработените. Не е проблем во вработените.

Проблемот е во Фондот за патишта и во ЈП Македонијапат, односно во структурите на каков начин ова треба да се реши.

Со плаќање, децидно на наплатна рампа, мислам дека тоа е најголемиот прбое. и овде се кажаа неколку предлози во однос на плаќањето со картичка, што мислам дека е добар пример. Имаше иницијатива но се прекинса многу бргу. Потоа наплаќање на влез во Република Македонија за странски возила, а потоа при регистрација на возилата да може да се реши тоа. Да се направи една анализа колку се собираат патарини, да се префрли при регистрација на возилата.

Меѓутоа, со ваков начин нема да се постигне воопшто тоа што се сака да се постигне, особено што Армијата на Република Македонија, односно видливо означени возила на АРМ исто сите возила од Армијата нема да плаќаат надоместок. Не може вработен на наплатна рампа да му каже на некој возач од Армијата - возилото не ти е оначено видливо и ти ќе платиш. Тоа нема потреба да се пишува во законот. Ако е Армијата, нека биде Армијата на Република Македонија.

Потоа полицијата, итната медицинска помош, противпожарната служба и погребалните возила.

Третата точка, возила на лица заболени од сите болести и телесно оштетување над 80%. Од друга страна се скратува наплатата, ослободувањето

од наплата на Собранието, на Министерството за финансии, на Полицијата наменета за контрола на патниот сообраќај, на странските дипломатско-конзуларни претставништва.

Ниту ќе плаќаат странскиве дипломатско конзуларни претставништва, ниту некоја друга меѓународна организација кога ќе помине на патарина. Тоа се јасни работи и сакам овде да се кажат како што се, а не како што е напишано во законот.

Не ми е јасно како ќе плаќаат патарина инспекциските служби за патишта и патен сообраќај? Колку пати ќе поминат ако се на работа. Треба да поминат неколку пати. Неколку пати ќе ја платат патарините, па пак ќе се вратат назад, па пак ќе вршат контрола, зошто ако вршата контрола ќе вршат на патиштата.

Хуманитарните организации, наменети за правоз на помош за Република Македонија. Мислам дека тоа воопшто нема потреба да се плаќа патарина.

Навистина, многу нејасно е како Јавното претпријатие, наменето за одржување на патиштата, односно Македонијапат на магистралните и регионалните патишта, сега тие ќе плаќаат патарина и ќе го сопрат директотот на Фондот за патишта и директорот на Македонијапат, вработениот и дека ќе треба да плати патарина. Ако плати ќе го пуштат, ако не плати патарина нема да го пуштат.

Видете сега, ако сакаме да ја постигнеме целта или да донесеме еве закон, никој не се ослободува од плаќање надомест. На таков начин, рестриктивен, меѓутоа нешто ќе се постиогне. Велам нешто, ако сакаме да направиме.

Ако сакаме да имаме ослободување од плаќање надоместок, како член во Законот за јавни патишта, мислам дека што повеќе, мојот предлог е да се направи предлог, еве во овој член, поранешниот 109, сега 96 точка 4 на овој закон, мислам дека треба да се прошири листата на оние возила што се ослободуваат од плаќање надоместок. На таков начин наплатата ќе биде поефикасна директно на наплатните рампи.

Зошто ова го кажувам? Го кажувам од причина што, ако имаме децидно кои возила се ослободени тогаш и вработените ќе знаат дали некое возило е ослободено или не. Затоа, педлагам што повеќе да се проширри оваа листа.

Затоа што од една страна, ако веќе почнуваме само со ослободување, со набројување ослободувања од плаќање надоместок, бидете сигурни дека не само овие што ги скративте, туку и сосема други ќе се пријават во групата на ослободени и тие нема да плаќаат патарина.

Тоа значи дека само со измена на овој член, член од Законот, воопшто нема да се постигне целта што се сака, ако се сака да се постигне само Соббранието на Република Македонија да плаќа патарина и тоа да го кажеме во јваноста во ред. Меѓутоа, ви кажувам дека тоа ќе биде избришено во членот. Но, на лице место тие нема да плаќаат. Другите возила, сите остануваат возила ослободени од надоместок и на таков начин овој закон како Предлог за донесување закон, со еден член, нема да постигне ништо во однос на тоа што се сака да се постигне, поради причините за донесување на овој закон.

Не би зборувал за тоа дека Законот за јавните патишта, на кој што треба ада се извршат измени, можеби беше добро овој Предлог-закон да не се донесе и заедно со уште поголемит измени во однос на другите членови од Закнот за јавни патишта се реши и патарината и плаќањето односно неплаќањето на патарината во однос на ситте други членови. Вака останува дека само нешто ќе донесеме, меѓутоа воопшто воопшто нема да има примена. Ако се сака да се постигне целта и ако еве, како пратеници, имаме против овој Предлог за изменување на законот тгреба да се направи или можеби имате напртраво анализа. Ако имае треба да ја кажетте, колку средства ќе се соберат со оваа рестрикција на возила ослободени од плаќање патарина.

Тоа може да се направи. Еве, 120 пратеници секој ден да користат, секој ден да има Собранием може да се направи една пресметка, потоа кои се видливи а кои се невидливи означени возила на армијата, на итната медицинска служба, на противпожарната служба и колку возила има Собранието, колку возила користи Владата, колку секое Министерство оди на пат во текот на неделата , или во текот на денот. Сето тоа може да се направи. И врз база на таа пресметка да се знае дека врз основа на ваков рестриктивен закон ќе се внесат толку и толку средства во Фондот за патишта. А само со намалување, односно со бришење на некои точки од постојниот член, мислам дека воопшто прво и се немало направено анализа, од друга страна се прави само непотребна тензија , во однос на тоа дали некој треба да плаќа патарина, или не. Ако беше целта да се зголеми патарината, да се зголеми износот на патарината во Буџетот на Фондот за патишта, требаше на многу подобар начин тоа да се направи. На ваков начин , мислам дека целта воопшто нема да се постигне.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Балковски.

Господине заменик министре за транспорт и врски, имате дискусија, или реплика.

**Дејан Кошутиќ:** Реплика.

**Слободан Најдовски:** Пред да ви дадам реплика, молам за едно дообјаснување.

Со оглед натоа што голем број пратеници и во законот употребуваат дека возилата на Собранието досега биле ослободени. Собранието не располага со ниедно возило кое што го користат функционерите во Собранието. Тие се во сопственост на Службата за општи и заеднички работи. Собранието располага само со неколку возила кои што служат на стручните служби за

извршување на неопходните работи во рамките на Градот Скопје. Така што досега немало возила кои што биле ослободени од плаќање на патарина.

Повелете господине Кошутиќ имате три минути реплика.

**Дејан Кошутиќ:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Не се работи за реплика на пратениците, само се работи за едно дообјаснување, да разјасниме една работа.

**Слободан Најдовски:** Тогаш господине заменик министре имате збор, а не реплика.

Повелете имате збор.

**Дејан Кошутиќ:** Во ред претседателе го земам зборот. Значи ќе дадам едно појаснување за едно техничко недоразбирање, што се провлекуваше и во вчерашната дискусија и во денешната. Она што беше пракса во изминатите години и возилата кои со одредени пропусници беа пропуштени на наплатните рампи, тоа не ќе може да функционира, од проста причина што е започната фискализација на наплатните рампи.

Значи, возилата кои во оваа измена се наведуваат дека ќе бидат ослободени од надоместокот за патарината, ќе можат да поминат само на таа лента која е јасно обележана и стојат табли на сите наплатни рампи дека таа е посебна лента за возила кои се осслободени од надоместок. Значи, на таа лента ќе можат само да поминат возилата кои се наведени со оваа измена. Сите останати ќе одат на останатите наплатни рампи. Наплатните рампи не ќе можат да се дигнат без претходно добиено писмо.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова:

**Ганка Самоиловска-Цветанова:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани членови на Владата,

На почеток би сакала да нагласам дека нема да го поддржам донесувањето на овој закон, бидејќи сметам дека станува збор за козметичко-законско решение, кое во суштина не допира во суштината на проблемот, ниту пак нуди соодветно и ефикасно решение на истите проблеми.

Она што денес ме испровоцира да се јавам за дискусија, не е да аргументирам зошто ова законско решение го сметам за лошо и козметичко, бидејќи сметам дека сите пратеници кои зборуваа во насока дека овој закон не нуди соодветно решение на проблемите, тоа го направија многу издржано и аргументирано.

Мојата дискусија е поттикната од фактот што тежиштето на дискусијата во овие два дена беше комплетно изместено. Значи, ние два дена дискутираме за тоа дали пратениците ќе плаќаат патарина, или ќе бидат ослободени од патарина.

Сакам да потенцирам дека станува збор, без разлика дали ќе плаќаат или не, станува збор за минорни средства, кои ќе се влејат во буџетот. Незначителни. Никој нема да ги почувствува. Зборуваме за тоа дали пратениците ќе плаќаат или не и тоа очигледно е клучниот момент во дискусијата кој се пренесува во јавноста, а при тоа , заборавме дека денес Владата организира одржување на седница во Гевгелија. Дали некој ве молам, се запрашал колку чини организирањето на владина седница во Гевгелија. Колку средства од Буџетот ќе се одлеат. Колку возила денес ќе отидат таму, колку обезбедување, колку вработени во службите кои треба да го опслужат функционирањето и одржувањето на владината седница. Јас почитувани пратеници, се согласувам дека треба да се дискутира за статусот на пратениците. Но, при тоа сакам да ве потсетам и вас и целокупната јавност дека одржувањето на владини седници во други градови се случува во предизборјето, кога имаме јасни препораки и од Антикорупциската комисија и од претставниците на Европската Унија дека средства од Буџетот не смее да се одлеваат за финансирање на партиски кампањи.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Самоилова, ќе ве молам да зборувате за законот кој што е на дневен ред.

**Ганка Самоиловска-Цветанова:** Јас ќе се осврнам на законот и на претходните дискусии, но ова беше ставено само во контекст на претходните дискусии, значи, за статусот на пратениците. Јас се согласувам дека темата, статусот на пратениците, третманот на пратениците, нивниот ангажман, сликата во јавноста што е создадена за пратениците е многу сериозно прашање и треба да се направи една сеопфатна анализа зошто е тоа така, кои причини и од каде тоа потекнува. Ме радува шт пратениците од парламентарното мнозинство истовремено го покренаа ова прашање, бидејќи функцијата пратеник не значи подметнување и административна и логистичка поддршка на Владата. Јас благодарам што ме оставивте да се доискажам.

Уште еднаш сакам да потенцирам, дека причината зошто се јавив за мојата дискусија е изместување на тежиштето на дискусијата, односно фокусирање повторно кон пратениците. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Самоилова.

Има збор пратеникот Јани Макрадули.

Се извинувам господине Макрадули. Со оглед на тоа што дофрлувате, јас сум тој што живее надвор од Скопје и мене ме радува што Владата држи седници надвор од Скопје. Не сакав тоа да го прокоментирам. Не е само Скопје местото на збиднување.

Да продолжиме.

Има збор пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе,

Со големо разочарување ќе се обидам и прв пат и една година како опозиција и сега како позиција тоа ми беше дозволено, по иста точка по втор пат ќе се јавам за дискусија, бидејќи мислам дека апсолутно ја утнавме темата и вчера се обидов да апелирам, но мислам дека уште еднаш влеговме во терен или вода, апсолутно неподготвени и без разлика што секој се обиде некако да го толкува законот, повторно гневот или повторно негативниот рејтинг ќе оди на наше конто, без разлика за тоа што СДСМ ќе го поддржи законот. Значи, без разлика, сите пратеници ќе бидеме исто третирани, бидејќи не зборуваме за темата, туку непотребно како аргументи го користиме фактот, кој што воопшто не држи. Ниту некогаш по некој закон пратениците биле ослободени да не плаќаат патарина, ниту е оваа тема на дискусија.

Господинот Тромбев истакна дека патиштата се добра од општа употреба. Ние тука сме само еден од субјектите што се движи по тие патишта. Не гледам причина аргументите дали законот е добар или не, дали е применлив или не, ги бараме во сопствените трошоци што некој мисли дека 500 денари му се многу на 50.000 плата. Срамота е ова што ни се случува. Не можам да ве разберам никако. Јас ви гарантирам да направите анализа на 800 денари месечна надокнада, ви за ви надокнадата од друго место и колку тоа ќе чини. Да дојдете овде, нема да ви успее тезата. Но мислам дека тоа е уште поголема глупост да влеземе во таа дебата. Да зборруваме за Предлог на закон. Ние како пратеници сме најодговорни да инсистираме на почитување на законите, а не од оваа собраниска говорница, да им кажуваме на некои како треба да ги почитуваат законите. Од оваа собраниска говорница сите пратеници треба да влеваат надеж и верба во институциите, без разлика од која пратеничка група се и дали се од позиција или опзиција. Зборуваме за иднина, а не зборуваме за сега дали некому му одговара или не и дали зборуваме за 200 денари што некој од Куманово плаќа, а добива 1.200 дневница. Или пак не можеме да прибереме од франкофонски патувања во странство. Зборуваме сега за закон, дали тоа ќе ја зголеми ефикасноста на исплатата. Ако според старото решение, иако овој закон има 132 члена, некој сакаше да каже дали е решено, дупки, недупки и други работи. 136 члена има законот, ова е еден член. Нормално измените на еден член, ќе бидат еден член.

**Слободан Најдовски:** Ве молам не дофрлувајте од место.

**Јани Макрадули:** Во стариот член 109 пишува една од точките. Хуманитарни организации, наменети за хуманитарна помош. Да речеме има 100 такви хуманитарни организации. Сега тие 100 хуманитарни организации ќе немаат пропусница и ќе мораат да плаќаат. Значи, и кога ќе одат службено, но и кога приватно користат. За таа цел, ефикасноста ќе се зголеми. По било која логика тргнете.

**Слободан Најдовски:** Ве молам не дофрлувајте од место.

Ги молам пратениците секој што сака да зборува нека се пријави, ќе добие збор.

Ве молам од место да не дофрлувате, оставете го господинот Макрадули да дискутира.

Продолжете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Очигледно, не можеме да ја сфатиме темата . Два дена дебатираме, а сите се удираме во гради, дека работиме во интерес на граѓаните на Република Македонија, не чекаат 20-тина закони што мораме да ги донесеме за приближувањето кон Европската Унија кој е интересот на граѓаните на Република Македонија. Зборуваме за закон кој што автоматски ќе биде нормално да ги намали патарините, кои што ќе бидат во интерес на граѓаните, но ние тука со долга и јалова дискусија не сакаме да се имплементираме.

Втора работа, членот 109, точките кои се однесуваат кои се однесуваат на возила, се однесуваат на Министерството за финансии и Царинската управа. 500 возила се во прашање. Значи тие 500 возила, сега кога приватно ќе одат, кога не ќе можат тоа да го правдат, ќе мора да го платат. Не ќе можат да ја покажат пропусницата па да поминат на наплатната рампа, затоа што автоматски, без разлика дали е тоа многу или малку, што ќе влезе во буџетот, ќе биде придонес за зголемување на ефикасноста на наплатата. И она што заменикот министер го кажа, електронското поврзување на фискалниот уред со рампата, ќе го оневозможи без да издаде фискална сметка да се отвори рампата и да го пропушти возилото. Автоматски, тој не може да игра ниту 50-50, ниту да го повика пријателот, бидејќи системот не работи за тој така да помине. Затоа, ефикасноста и од тој аспект ќе биде зголемена и подобрена. А дали некој ќе влезе со концесија, неконцесија, дали некој ќе работи на патиштата, зависи од прометот и сообраќајот на возилата. Затоа веројатно на никој не му се исплаќа да го земе под концесија,за жал, патот околу Плетвар, бидејќи бројот на возила него не го задоволува, да може тој да влезе во една таква голема инвестиција. Не си ја наоѓа својата оправданост. Каде што нашол оправданост, таму има свој интерес. Затоа, апсолутно, мислам дека правиме лош обид да ја дефокусираме јавноста, иако кога зборуваме за дефокусирање, мислам дека мобилноста на Владата е за поздравување и тука не треба да имаме дилема дека граѓаните од тој регион ќе бидат задоволни што поблиску ќе биде Владата и ќе може да ги чуе поафтентично нивните барања, но, очигледно потпретседателе, нема атмосфера за работа, јас, не можам да ја довршам својата дискусија и во име на пратенич!ката гурпа, како координатор барам половина час пауза.

**Слободан Најдовски:** Прочитајте си го Деловникот. Тогаш кога координатор на

пратеничка група ќе побара пауза, должни сме веднаш да дадеме пауза.

Давам пауза до 13,30 часот.

(По паузата седница продолжи со работа во 13,30 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Три минути реплика за госпоѓа Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе.

Јас сакам да го испровоцирам колегата Јани Макрадули, да ја објасниме темата за која тој велеше дека не била објаснета.

Пратеничката група на СДСМ упорно форсира и укажува дека овој предлог за измени и дополнувања на Законот за јавни патишта е заради еднаков односно рамноправен третман на учесниците во сообраќајот и она што е кажано во Владата.

Јас да го кажам господинот Макрадули дали ние имаме еднаков третман во економијата, меѓу фирмите во стопанството, дали има еднаков третман меѓу пратениците, дали има еднаков третман во здравството и во некоја друга сфера во државата. Значи тука тезата на господинот Јани Макрадули дека бараат еднаков третман, затоа што го нема и сите сме свесни, дури и тој, меѓуто ајас го разбирам, од политички причини по налог на неговиот премиер, мора да го кажува ставот.

Кога сме веќе кај неговиот премиер и претседателот на Владата, господинот Бучковски...

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Којзеклиска, не е негов премиер, премиер е на Владата на Република Македонија. Бидете коректни.

**Марија Којзеклиска:** Јас не знам дека гласав за тој премиер. Тој си гласаше.

**Слободан Најдовски:** Вие гласајте како сакате. Тој е премиер на Владата на Република Македонија.

**Марија Којзеклиска:** Ве молам не ми одземајте од времето.

Значи, премиерот Бучковски на одговор на прашање велеше дека патарините ќе ги намалат. Јас во тој контекс очекував дека Законот ќе биде изменет, а не да се намалат оние, колку се по број тука, возила кои треба да бидат ослободени од плаќање на надоместок. Значи премиерот тогаш лаже, а излажал многу пати до сега, па и за оваа работа.

Сега, од 139 члена, како што потенцираше колегата Јани Макрадули, само еден единствен член се бара да се измени, а сите тукаконстатиравме дека има потреба од промена на целокупната организација и во Фондот за магистрални и регионални патишта и во Јавното претпријатие "Македонијапат", токму во функција на обезбедување на потребни средства на овие претпријатија за да можат да си ги обавуваат своите функции. Значи, една констатација, махери се Владата на Република Македонија, од просто да направат сложено и да ја искомплицираат постапката со вакви предлози за измени и дополнување на Законот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика за пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Не можам да сватам зошто некој кога имал добра намера не се обидел тоа амандмански да го реши, без разлика што само еден член се менува.

Второ, висината на надоместокот што треба да се плати не е законска материја. Тоа е подзаконски акт го носи Фондот за патишта до Министерството за транспорт и врски и таму се усогласува врз база на листа на приоритети. Зарем мислите дека тоа треба да биде во закон. Да го донесеме законот, па да видиме дали нема да се намалат патерините и да видиме после кој лаже и кој сака да ја манипулира јавноста.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Три минути реплика за господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине Макрадули до сега се чудевте како пратениците не можат да сватат она што го пишува во законот. Сега одеднаш пак вие не м ожете да сватите што зборуваме ние. Но една е вистината. Навистина не можете да сватите. Тоа е очигледно. Еве за да ви објаснам да сватите, земете го, повторно ќе кажам, мојот пример што имав прилика да го доживеам. Тоа беше сега скоро кога бев запрен на патарина, читавте сите во весниците како Караџоски е недисциплиран пратеник, како не сака да плаќа патарина и т.н. Земете го тој пример. Да ве прашам, кој ја пратил таа инспекција, зошто таа инспекција ги запираше пратениците, од каде ми го цитираше Законот за јавни патишта согласно кој не сум бил ослободен да плаќам патарина и т.н. Не е проблемот во Караџоски. Јас ќе платам. Не е проблемот дали пратениците треба да плаќаат. Проблемот е, господине Макрадули, тоа да се регулира, да имаме јасни одредби. Заменик министерот вели и понатаму пратениците врз основа на легитимацијата нема да плаќаат патарина. Чист популизам. Спомнувате плати што апсолутно нема логика. Како зборувате за платите на пратениците, како другите водржавата да не земаат плата. Немојте така, пратениците земале плата, дали ќе било трошок со плаќање патарина. Не е проблем во пратениците. Ако треба ние ќе се откажеме од палтите. Проблем е што има пратеници кои работат и асистенти на факултет, па ај да го отвориме тоа прашање. Некој работи нешто друго, па да видиме колку и како земаат. Немојте со популистички методи. Имаме јасна позиција. Регулирајте го во законот. Кажете во овој закон пратениците се должни да плаќаат патарина и ние ќе плаќаме. Тоа го бара

опозицијата. Не бараме привилегии, бараме јасни и чисти одредби и бараме закон кој навистина ќе биде закон. Од 139 члена ниту еден немате каде ќе се регулира нешто, она за што најмногу се дискутира. Значи не е пробелмот во пратениците.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Една минута контра реплика за пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** И јас цело време тоа зборувам дека не е проблем за пратениците дали треба да плаќаат или нема да плаќаат, но вие пратениците од опозицијата го користите како аргумент и непотребно. Цело време укажувам дека рејтингот на сите пратеници се уништува или се намалува затоа што непотребно се дефокусира темата дека пратениците имаат нешто врска со ова. Тоа е обид да се регулира и да се зголеми ефикасноста на наплата. 1000 возила кои до сега биле ослободени по член 109 од Законот, сега ќе мораат да плаќаат патарина. Автоматски нешто ќе се подобри во ефикасноста. Да се трудиме кога имаме закон, да гледаме на добрата страна, дали има обид да се реши ова. Никој тука не зборува за пратениците, туку напротив некој намерно сака да каже дека тие се тема на оваа дебата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Три минути реплика за господинот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Ако некој го руши рејтингот на пратениците, тоа сте вие господине Макрадули со вакви говори.

Точно дека платата ми е 50 илјади денари, но кажете дека вкупните додатоци и претходно квотата беше некаде околу 50 илјади денари. Значи имавме минимално покачување. Да не манипулирате со народот. Крајно лицемерно е вака да се настапува, имајки предвид дека е предизборна кампања и се борите за одредена добитничка позиција, но за жал, морам да ви кажам дека првите и вторите места кај вас веќе се безицирани, така што ви отпаѓа третото место кое е под знак прашање и не знам дали во иднина ќе бидете пратеник.

Се поставува едно принципиелно прашање, зошто работите ги комплицирате, ставање од празно во шупљо или од сито ворешето. Тој плаќа а вие повторно му ги враќате парите. Се рефундираат парите. Зошто ја комплицирате работата.

Ако веќе сакаме да штедиме, ако сакаме да и помогнеме на државата, што бара денес Владата во Гевгелија? Да го рпаша народот како е? Ајде ние да формираме еден мобилен парламент, да отидеме во Битола, Струмица, Штип и не знам каде и да го прашаме народот, браќа живи ли сте вие после триипол години владеење на СДСМ? Имате ли за леб? Како опстојувате? Дајте да формираме и таква институција.

И да ве прашам, член сте и на владина комисија за информатика. И таму ли волонтирате? Дали ве плаќаат, дали не ве плаќаат? Асистент сте и таму ли работите без пари? Што ви паѓа во очи, што земаат 50 илјади? Јас ве прашав дали волонтирате. Волонтирате ли? Еве и јас се ставам во функција некаде да волонтирам и јас да помогнам за доброто на овој народ. Немој да бидете лицемери и врз грбот на другите рпатеници да се борите за одредена дадена позиција која треба да ја добиете. Дајте бидете отворени барем пред вашите колеги. Човечки е тоа. Знам дека повторно сакате да седите во овие клупи. Но без пари сакате да седите?

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски реплицирајте ...

**Александар Флоровски:** Има ли восветот парламент каде некој волонтира и работи без пари. Нема смисла тоа што го рпавите. Не само што е лицемерно, не е човечки, не е колегијално и да не барам други посоодветни зборови.

Ако веќе изигравате потпарол на Владата да ми објасните, со што ќе се унапреди она што денес ни го носите во главата. Еве одговорете ми вие мене. Ќе ставиме фискални каси, ќе отвориме нови наплатни рампи или ... Вие не сте потпарол на Влада да кажувате. Имаме овластено лице кое треба да говори овде. Јас знам која е вашата болка, но дајте малце легнете ги работите. Имате колеги, другари и пријатели овде.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Една минута контра реплика за пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Мислам дека е лицемерно кога неосновано се обвинува некој кој се обидува со целиот свој капацитет да помогне во нешто, а на пример како член на Управен одбор на ЕСМ тука да слушаме неколку пати од говорница дека не се разбира во таа тематика, ама бил член на Управен одбор на ЕСМ, а за тоа време се случувале милијон работи.

**Слободан Најдовски:** Ве молам господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Како ќе се зголеми ефикасноста јас кажав неколку пати и ќе повторам. Значи, 1000 возила што имале пропусници, ги злоупотребувале за приватни цели, помножете ги тие 1000 возила по пет евра, тоа се 5 илјади евра. Зошто прашувате што ќе се направи соовој закон.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец**: Слушајки го господинот Макрадули, останувам зачуден околу начинот на кој се пријде кон ова прашање затоа што позадината на оваа промена е само еден маневар со кој СДСМ се обидува повторно да наметне еден популизам од најординарно долен тип . Меѓутоа, зошто тоа го прави, кој е мотивот, мене

не ми е јасно затоа што крајна консеквенца на оваа непродуктивна дискусија која е провоцирана со еден  неартикулиран законски предлог од страна на Владата, има за цел да направи една ваква расправа која во јавноста ќе биде направена со уште едно девалвирање на пратеничката функција. Тоа е правеносо цел и ова има задна намера, намалување на интегритетот на институцијата Собрание. Дали слабоста на Владата, нефункционирањето на системот, сите слабости кои во државата стојат, треба сега и Собранието како институција, до крај да се девалвира и едноставно во јавноста да се промовира идеата дека на оваа држава не и треба ниту Собрание, не и требаат ниту пратеници. Ако е така тогаш најдобро ќе уштедиме воопшто да немаме ни избори, да немаме ни пратеници и да имаме некој принцип на демократија кој ќе биде по некој утопистичкиурнек, кој сака да ни го наметне СДСМ. Можеби сака некој и претседателски систем, не се знае. Меѓутоа принципот е на девалвацијата на функцијата. Значи се заборави она што беше околу прашањето на пратениците, околу нивните привилегии и  т.н. и сега повторно се наметнува теза за привилегии, па крвење на атмосферата. Се руши институцијата. Овде сите пратеници се на крајот на мандатот. Никакви бенифиции немаме од тоа. Има само повеќе работа затоа што за овие 4 години сум направил не знам колку хирушки интервенции, што сум помогнал и овде што сум работел, а од овој закон овде немам ништо затоа што не патувам, тука сум во Скопје. Меѓутоа, суштината е во рушење на институцијата, девалвирање на нејзината вредност, губење на дигнитетот на пратеникот и на тој начин промовирање на сосема други нормативи во оваа држава. Само треба да ми го кажете мотивот поради што го правите тоа, господине Макрадули.

**Слободан Најдовски:** Благодрам господине Оровчанец.

Една минута контра реплика пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули**: Обично се согласувам со господинот Оровчанец и во дел ќе се согалсам. Дигнитетот на пратениците се бранисогласање и со борба за законот за пратеници. Тој Закон сум го гласал и секогаш ќе го бранам пред сите институции што треба да се брани.

Мислам дека е контрапродуктивно и вчера апелирав, да се употребува категоријата пратеник во овој закон кога за тоа нема потреба и цело време тоа го повторувам ис ега ќе го повторам. Самите си скокнавме во уста непотребно, бранејќи ја позицијата пратеник. Јас се согласувам дека ваква дебата немаме за многу позначајни закони. Нас не чека законот за енергетика, за индустриска сопственост, за трансфорамција на ЕСМ, предложен од група пратеници што го чекам со желба да дискутирам и да дебатираме за тоа, не за ова два дена да изгубиме. Ако го гласавме вчера законот ќе немаше проблем. Чиј рејтинг ќе паднеше.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Три минути реплика за пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска**: Благодарам потпретседателе.

Прво, опозицијата цело време тврди дека  законот со предложените измени нема да ја постигне целта односно нема значајно да се зголеми наплатата со стеснување на субјектите кои ќе бидат ослободени од плаќање на патарина.

Да напоменам дека наплатата е пониска од 50% и при постоење на одредба со која има субјекти кои се ослободени од плаќање на патарина. Значи прво треба да ја зголемиме наплатата, да воведеме електронски системи, па тогаш да видиме дали е потребно стеснување на субјектите кои се ослободени од патарината. Тоа е патот за да ја постигнеме целта, а со истргната одредба, вака не ја псотигнува целта и не се потребни амандмани. Законот треба да се повлече. Не ја постигнува својата цел. Тоа е првата работа.

Второ, околу рејтингот на пратениците и падот на нивниот дигнитет.

Пратеникот својот дигнитет треба да го гради со ставови кои се негови лични, изградени, на тоа Уставот го обврзува, а не со ставови кои му се наметнати од координаторот на пратеничката група, бидејки во разговорите многу јаснос е кажа дека најголемиот дел од пратениците не се согласуваат со оовј закон, бидејки мислат дека нема да се постигне целта, вклучително и пратениците од СДСМ. Сега каде е вистината, дали вие во име на СДСМ, или треба да слушнете штопратениците зборуваат за законот. Тоа е една работа.

Второ во Законот за пратеници за кој и вие гласавте за, го подржавте, има одредба во која стои дека пратениците ќе бидат ослободени од плаќање на патарината. Зошто тогаш не побаравте дасе избрише таа одредба? Значи водејќи се од оваа одредба пратениците ја развиваат својата дискусија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Јас немам таква моќ да бидам видовит и да влезам во размислувањата на другите. Јас како координатор на пратеничката група на СДСМ го бранам дигнитетот на пратениците, колегите од мојата пратеничка група. Нашите ставови ги изградуваме на координација каде сите едногласно го подржаа овој Предлог закон и ние се подготвуваме за седниците, за разлика од другите пратенички групи. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Последен за реплика се јавува господинот Блаже Стојаноски.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Во контекс на она што се кажа, јас јавно би го повикал претседателот на Собранието да ја закаже седницата и да дискутираме за ЕСМ и одлагање на неговата продажба довлезот во Европската унија, закон кој е рпедложен од колегата Мавровски, кој нетрпеливо чекаме да дојде на дневен ред во Собранието.

Во однос на вашето тврдење дека изградбата на патниот правец на Плетвар, немало оправданост заради малиот број на возила кои поминувале таму, само покажува на кој начин ги третирате работите, затоа што фактот што Плетвар зема огромен број на жртви во текот на една година не може да се поредува со фактот за кој вие зборувате, а тоа е колку пари ќе се соберат од оние кои се возат на тој патен правец, затоа што само ќе ве потсетам, за граѓаните на Битола на Ресен, Прилеп и Охрид, тоа е единствен патен правец кој ги поврзува со Струмица, Штип и Западниот дел на Македонија.

Во однос на вашата дискусија, прашањето ми е дали парите кои се прибираат од надоместокот за користење на автопатот се користат соодветно за заштита на тој автопат, затоа што како пример ќе ви кажам само неколку работи.

Првото е дека само од пратениците од овој состав, колку што јас имам сознание има удари на две кучиња на тој автопат, има удрено едно магаре, колегата Илјаз Халими удри во крава ако се сеќавате на авотпат. Значи прашањето е колку оние што се надлежни го заштитиле автопатот од такви инцидентни ситуации и дали тоа што се прави не претставува само популизам за да се покаже дека некои пратеници сакале, некои не сакале да се плаќа патарина, а не се гледа суштината на таа работа, а тоа е оние што се надлежни, ги вршат своите функции во поглед на одржувањето на автопатиштата и на патната мрежа.

И уште едно прашање. Ако зборуваме за плаќање на патарина од оној учесник во сообраќајот кој патува од Прилеп за Скопје, да речеме, тој плаќа патарина и заради тоа што го поминува Плетвар. Значи, плаќа патарина за Плетвар да нема дупки, да има трета лента, да има инвестиции во тој патен правец. Не можете вие со прифаќањето на принципот Плетвар да не се гради заради тоа што немало финансиска оправданост, мал број на возила поминувале низ него, да ја аргументирате вашата неспособност за одржување на патната мрежа во Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Господине Заменик министер гледам се јавивте за збор, но прво да му дадеме едн аминута реплика на господинот Макрадули, па после тоа ќе ви дадам збор.

Една минута контра реплика за господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Јас по стоти пат ќе повторам, со вакви несмасни метафори се руши дигнитетот на функцијата пратеник и затоа се срамам кога некој се обидува со некои невкусни метафори да ја објасни работата.

Второ, бидете уверени дека ја чекам седницата за трансфорамција на ЕСМ, затоа што сакам да ја прочитам изборната програма од 2002 година на ВМРО-ДПМНЕ каде се залага дека до крај на 2003 година ќе го приватизира цело ЕСМ. Бидете уверени дека ја чекам таа седница.

Трето не манипулирајте со моите зборови. Јас реков да го земе тој патен правец некој под концесија и да направи анализа. Има многу меѓународни анализи каде експерти покажале дека фрекфенцијата на возила не му дава за право на некој да го земе под концесија тој патен правец.

**Слободан Најдовски:** Има збор заменик министерот за транспорт и врски, господинот Дејан Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Бидејки и вчера и денес во неколку наврати беше спомнато Радовиш, Струмица и трета лента Плетвар, да не дојде до забуна и до дезинформации, трета лента Плетвар и Радовиш и Струмица се во предлог годишната програма на Фондот за патишта за 2006 година.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кошутиќ.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата)

**Љупчо Јордановски:** Господине Стаменков имате збор, повелете.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе, почитуван претставник на Владата, почитувани колеги пратеници.

Со Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за јавни патишта, со предлог на закон се предлага измени само во делот на член 109 кој што регулира кои возила се ослободени од плаќањето на надоместок или попознато во јавноста- патарина. Познато е дека патарина се плаќа само на неколку патни правци во Република Македонија и тоа се патните правци кои што ги водиме како автопати и кои што постојат на патниот правец Скопје - Велес, Велес - Неготино, потоа имаме една патарина Скопје - Куманово и имаме Скопје - Гостивар. Тоа се тие патни правци и ние за тоа дискутираме денес, а и неколку дена претходно дали и кои треба да бидат ослободени од плаќањето на патарина.

Инаку, според она што е дадено како образложение во законот, зошто треба да се донесе оваа измена во законот, е дадено дека во стариот закон оваа област во овој член се регулира тоа многу опширно и со оваа измена тоа ќе биде направено поконцизно и ќе биде полесно за примена.

Инаку, знаеме дека во јавноста во последно време се зборува за тоа што има проблем со

прибирањето на средствата од патарината и дека според прометот што го има на овие патни правци, каде што треба да се плаќа патарина, треба да се прибираат многу повеќе средства, но се прибираат помалку. Сето тоа е без бројки и информации. На пример, немаме информација колкав е прометот на возила на овие патни правци, колку се тешки возила, колку се автомобили или други возила и да имаме една точна бројка , да речеме, дали тоа ќе биде месечно колку треба да се прибираат или неделно или пак на годишно ниво средства од оваа давачка која што ја плаќаат оние возачи или оние кои што управуваат со возилата кои се движат по овие патни правци.

Значи, ние не сме способни како држава или како Министерство за транспорт и врски да изброиме во неделата колку возила ќе ја поминат патарината, да речеме, Скопје - Куманово или Куманово - Скопје и да направиме еден пресек колку тоа е, гледајќи ги шпицевите дали се тоа за време на летните одмори, дали се тоа шпицеви за време на празниците, колку се тие средства кои што ни фалат во нашиот Буџет, а треба да бидат прибрани по основ на давачката која што е воведена како патарина. Значи, излегуваме со предлог за измена на законот без да изнесеме точни бројки која е состојбата со оваа проблематика која што сакаме да ја подобриме. Зашто, целта на измената е да, тоа може да се види, а тоа и се зборува, дека ќе се зголемат средствата што ќе бидат прибрани од патарина. Значи, ние, јас не, туку тие што го предлагаат овој закон сметаат дека главни виновници за тоа што имаме малку средства од прибирањето на патарина се оние кои што сега се опфатени со стариот закон и кои што се ослободени од плаќањето на патарина, тоа се Собранието на Република Македонија, бидејќи е прво тука, па и Владата на Република Македонија, Собранието на единиците на Локалната самоуправа, значи нивните возила. Потоа, Министерството за финансии, Царинската управа, странските дипломатски и конзуларни претставништва. Тука знаеме дека не плаќаат патарина и да речеме и возилата на КФОР во Македонија. Тие поминуваат преку овие патарини без да изостануваат и не плаќаат. Исто така и со новиот закон тие не се опфатени, но не се опфатени ни со стариот закон. Тоа значи дека не се спомнати никаде. Тие се исто така возила кои што не се на Армијата на Република Македонија и кои се опфатени со стариот закон.

Владата односно Министерството за транспорт и врски смета дека ако ги исклучи сите овие кои што се наведени во стариот закон дека ќе прибере повеќе средства, колку средства ќе прибере повеќе и колку сега прибира, таков пресек немаме во законот како образложение. Да речеме, еве прибираме толку и овие кога ќе почнат да плаќаат, ќе прибереме толку средства. Ова оди паушално и се повеќе се сомневам дека законот кој што се предлага не е добро осмислен, ниту некој размислува за него, туку е еден од многуте кафански закони кои што ги носите во Собранието по налог на Владата на Република Македонија. Некој смислил нешто дека вака треба да направи, јас не сакам сега тука да зборувам дали пратениците сега треба да плаќаат патарина или не треба да плаќаат патарина. И да плаќаат пратениците патарина, како што сега се надокнадуваат трошоците за патување по километар за гориво, така ќе се надокнадуваат и со плаќањето за патарина, така што тука не гледам нешто дека пратениците ќе добијат или ќе изгубат со овој закон. Некој сега тука сака популистички да делува, еве вие како пратеници имате големи плати, па сега ќе дадете толку пари. Мислам дека тоа е без аргумент, затоа што знаеме дека кога ќе дојдеме во Собранието ќе ни бидат дадени и тие пари што сме ги платиле на патарината. Значи, да не го вртиме проблемот на друга страна дека Законот е против пратениците, па сега некој се бори против Собранието односно против пратениците и ги намалува парите кои ги добиваат или дека ќе имаат помали приходи.

Добро го лоцираше, можеби еден дел од проблемот господинот Оровчанец кога кажа, точно е дека оваа измена ќе влијае врз дигнитетот на Парламентот на Република Македонија. И јас се согласувам со тоа. Некој сака да го намали тој дигнитет односно интегритет на Република Македонија како институција, која што е број 1 во државата според Уставот на Република Македонија. Можеби на некого не му одговара Парламентот да остане тоа што е сега со Уставот на Република Македонија. Тоа се мали потези кои што посочуваат на една ваква работа и кои што можат да се забележат.

Инаку, ако се запрашаме со сегашните средства кои што се прибираат од плаќањето на овој надоместок или таканаречена патарина, прво, еве немаме информација колку се тие средства, како се трошат средствата односно колку наменски ги трошиме ние како држава, бидејќи тоа се строго наменски средства и треба да се користат за изградба на нови патишта, значи за нови инвестиции за одржување на веќе постојните патишта да бидат во таква состојба, која што ги задоволува стандардите врз основа на кои што се плаќа патарината. Значи, тоа се стандарди за автопат и на нив се плаќа таа патарина по таа цена по која што е решено да се плаќа, бидејќи граѓаните добиваат односно превозниците или лицата кои управуваат со возилата и кои што ја плаќаат патарината за квалитетна услуга, да се запрашаме дали тие пари кои што ги плаќааат се реинвестираат, прво, за одржување во таква состојба според европските стандарди на овие патишта. Јас би кажал не. Не е тоа така, бидејќи состојбата на оној патен правец кој што постојано го возам скоро секој ден, да речеме, Скопје - Велес или Катланово - Велес попрецизно, е таква што тоа не е ни состојба за еден регионален пат кој што би ги задоволил стандардите. Да не зборуваме дека овие патишта треба да бидат

заградени, треба да бидат означени квалитетно и со вертикална и со хоризонтална сигнализација. Не смеат да имаат отвори или уништен асфалт, ние имаме сосема друга состојба. Нашиот автопат Скопје - Велес или Велес - Скопје ќе наидеме на секаков тип односно секаква врста на животни кои си шетаат по патот и јас не верувам дека нема човек, граѓанин или пратеник кој што нема удрено во некое куче на автопатот. Мене тоа ми се има случено веќе неколку пати, а сигурно и на други. Ние имаме многу несредена состојба во делот на наплатата на оваа давачка која што не сакаме да ја регулираме, не сакаме да размислуваме во насока на тоа дека е висока давачката која што се плаќа во Република Македонија, а по основ на квалитетот на услугата што ја даваме на корисниците на патот. Тоа е многу висока цена. Верувајте дека треба да се намали за она што го даваме. Колку даваме, толку треба да земаме, ништо повеќе од тоа. Ние не даваме толку квалитет колку што наплаќаме. Тоа е едната работа.

Втора работа е како потврда на ова изјавите на превозниците, а и ние кои што сме имале прилика да отидеме во други држави каде што се плаќа патарина, ќе видиме дека навистина нашата патарина е една од највисоките барем во регионот, а најнеквалитетна услуга добиваме.

Уште еднаш да се вратам на состојбата на автопатот Катланово - Велес. Верувајте дека тој пат скоро веќе не е за употреба, таква му е состојбата. Ние се соочивме со еден таков проблем што ако не реагираме многу брзо, барем сега во оваа пролет или до летото, ќе имаме еден селски пат, не автопат Катланово - Велес, бидејќи отворите кои што се веќе направени се повеќе се шират и земаат се поголем замав, а ние си стоиме и велиме дека малку ни се парите. Еве, пратениците ќе ги платат и ќе ги направиме патиштата. Пратениците се главните виновници што немаме пари да ги поправиме патиштата, а без да се запрашаме дека проблемот е во наменското трошење на средствата. Исто така, проблемот е и во прибирањето на средствата кои што треба да се приберат на лице место односно на самата патарина. И, наместо да ги регулираме овие две прашања, од кои првото е, може да се каже прибирањето на средствата, да изнајдеме модел кој што ќе биде применлив за Македонија и ќе биде ефтин да го спроведеме, ние зборуваме за некои фискални каси, апарати, што е нешто најново кое што ќе биде поврзано со Министерството за финансии, па од тука ќе следат некои наплати. Да, тоа е по основ на данокот, дали една државна служба или институција ќе избегне плаќање на ДДВ, но тука не се регулира дали лицето кое што треба да наплати ќе наплати патарина од оној корисникот на услугата или лицето кое што управува со возилото. Имаме примери во другите држави и треба да избереме еден модел каде што се покажува многу ефикасен. Така, можеме да видиме како е тоа во Словенија, како е во Бугарија регулирано. Во Словенија тоа на еден перфектен начин е регулирано и мислам дека не е скап начин. Таму имате линии или рампи кои што се отворени и реагираат на картица, налепница која што се наоѓа на возилото и ако имате пари внесено ќе ви се отвори, а ако не нема да ви се отвори, па ќе морате на една линија која што е регулирана од лице да отидете и таму да си платите. Значи, немаме гужви, немаме застој во сообраќајот, имаме ефективна 100%-на наплата и не може да се случи некој, како што кажаа тука, дел пола на пола и така, и така да го направи тоа. Ќе има повеќе системи, може да се наплаќа за разлика од патниот правец по кој што се вози и по кој што се патува и некоја месечна или неделна карта за користење на тој патен правец. Верувајте дека проблемот за да се реши, прво треба да се разгледа од сите страни и да се избере модел врз основа на кој што ќе го решиме овој проблем. Дајте ја таа работа на едно лице од министерот за транспорт и врски кој што има соодветно образование, едно лице и ќе ви направи модел кој што ќе може во Република Македонија да се спроведе и да се оствари, да се регулира, а не со вакви закони кои што ништо нема да регулираат, ништо нема да помогнат, само ќе придонесат да се направи уште поголема забуна на тие патарини кој треба да плаќа, кој не треба да плаќа патарина.

Владата треба да си го повлече Законот во процедурата уште во првата фаза, да се откаже од вакво нешто, бидејќи Законот не е добро обмислен, ниту пак ќе помогне да се среди состојбата во плаќањето на патарината.

Уште еднаш ќе кажам, Законот е уште еден кафански закон кој што се предлага во Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Лалчевска, повелете имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Прво, му давам предлог на предлагачот на овие измени да ги повлече, затоа што и после толку дебата јасно е дека ваквите измени нема да ја остварат својата цел.

Според она што го кажа предлагачот дека целта е да се намалат злоупотребите во делот на оние кои се ослободени од плаќање на патарината и тој цени дека со стеснувањето на субјектите кои ќе бидат ослободени од плаќање на патарина ќе се намалат злоупотребите, што во превод значи ќе се зголеми наплатата. Дали тоа ќе биде така?

Прво, субјектите кои се предвидени во членот кој се менува не се толку бројни за да имаме зголемен финансиски ефект во плаќањето на патарината.

Второ, се запоставија главните факти кои наназад неколку години не се симнуваат од написите по весниците дека многу слабо оди наплатата на патарината. Не се успеа, јас не гледам ни да се

воведе некоја посебна мерка за да се подобри наплатата и ние не успеавме, надлежните не успеаа ни повеќе од 50% да ја зголемат наплатата. Во меѓувреме, за цело време додека се дебатира околу наплатата, наназад две-три години, не видов ни една издржана анализа колку дневно возила поминуваат на патарините, колку од нив платиле патарина и колкава е бројката на оние кои поминале ослободени од патарина, за да јасно го лоцираме каде е проблемот. Дали е проблемот во прешироката рамка на субјекти кои, според тврдењето на предлагачот, поминуваат патарина без наплата или проблемот е лоциран некаде на друго место затоа што сигурно таа бројка не може да биде толкава за 50% да ја намалува патарината. Ако се направело анализа ќе се направела вклучително и со оваа одредба од законот и тие би биле изземени од делот кој се наплаќа.

По однос на искажувањата дека сега со фискализацијата ќе се воведе електронски систем и не ќе може никако да се помине патарината без да се плати, јас би сакала да потсетам дека на автопатот Скопје-Тетово, на тие две патарини, бидејќи се најнови, најново изградени патарини, да имавме електронски систем со едни кодирани картички кои читачот кога ќе ги исчита ви се отвораше рампата. Бидејќи поминувам на тој автопат, само после неколку дена престана да функционира тој електронски систем. Никаде не прочитав образложение зошто таквиот начин на наплата која еве сега преферираме дека е многу поефикасен, престана да функционира на овие две патарини. Повторно се вративме на старото пола пола или празно ливче, и тн., не би сакала да дебатирам, за тоа е најповикан ресорниот министер да испита и да види и лоцира каде е проблемот.

Од тие причини една ваква измена апсолутно не може да е ниту една капка во море на проблеми кои ги имаме со наплатата на патарината.

Немав намера да се јавам за збор, меѓутоа, некој овде ме повика дека СДСМ работи ние ништо не работиме, не се подготвуваме, долго време ние како Либерална партија размислуваме кои би биле начините за да изнајдеме решение на овој проблем и воопшто нема да ги кријам своите сознанија дури ќе ги дадам на предлагачот и затоа побарав да го повлече овој Предлог и да размисли за нов концепт, апсолутно нов концепт во наплатата на патарините.

Ако како држава не сме подготвени, а очигледно не сме на ваков начин да вршиме наплата, солидна наплата на патарините, дајте да го смениме концептот, дајте да видиме што другите земји прават и како го прават тоа. Многу земји, принципиелно и Либералната партија ги поддржува, на странците при влегување во земјата им наплаќаат патарина на граничниот премин, а домашните, значи државјаните на државата патарините ги наплаќаат преку соодветна сума при регистрација на возилата. Тогаш нема да има никакви манипулации. Кога ќе одите да си го регистрирате возилото ќе си платите дел за патарина. Таа ќе се добира и соодветно ќе се користи за она што е намената, за изградба и реконструкција на патиштата. Тогаш нема да имаме ни наплатни рампи, нема да имаме ниту малверзации околу тоа плаќам пола или не плаќам ништо и слични работи, ниту ќе имаме предолга листа на субјекти кои ќе поминуваат без наплата на патарина.

Ова е сосема нов концепт за кој предлагачот има време до крајот на мандатот да размисли и да отидеме на нешто ново, навистина да внесеме новина во работата на овој сегмент. Бидејќи со вака истргнати и минорни измени во законот апсолутно нема да ја поправиме состојбата. Тие средства што ќе се прибираат ќе бидат само една капка која апсолутно нема да ја промени ситуацијата.

На овој начин и по овој концепт кој го предлага Либералната партија поефикасно ќе се собираат парите за оваа намена, а притоа можат да се изнајдат решенија дали некој ќе плати повеќе или нешто помалку, меѓутоа, тоа ќе биде детерминирано пред се од староста на возилата оти старите возила не можат да се користат, тие се користат обично за локална употреба и во тој дел возилото ќе биде тоа кое ќе детерминира дали ќе има одредено намалување затоа што нема да се вози по автопат, туку по локални патишта, а оние што имаат помоќни и појаки возила сигурно ќе ги користат пофреквентно по патиштата и ќе си платат соодветна сума. На ваков начин ниту ќе имаме големи листи ниту ќе имаме неплаќање на патарина. Тоа ќе биде обврска која ќе биде врзувана за регистрацијата. На таков начин и со таков концепт ќе го решиме проблемот, а не со вакви, не знам како да го наречам овој закон со еден член кој предлагачот мисли и тврди дека ќе ги реши проблемите во овој сегмент.

Затоа предлагам да го повлечете Предлогот и многу брзо може да се изготви предлог со нов концепт за целокупниот сегмент на патарината и нивната наплата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и ги повикувам пратениците да влезат во Собранието ќе пристапиме кон гласање на заклучокот.

Ги молам пратениците да влезат во Собранието.

Благодарам, во салата се присутни 61 пратеник.

Го читам заклучокот по кој ќе се произнесеме и ќе гласаме.

Заклучокот гласи:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за јавните патишта.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни 55 гласале, од кои 47 за, 3 воздржани, 5 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеника гласале 53 од кои 47 за, 1 воздржан, 5 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандман на член 1 точка 3.

Пратеницит Сашо Дохчев, Кире Гештаковски и Рафет Муминови поднесоа амандман на член 1 точка 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 точка 2, поднесен од пратениците Сашо Дохчев, Кире Гештаковски и Рафет Муминовиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Дејан Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 точка 3, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни гласале 55 од кои 49 за, 3 воздржани, 3 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за јавните патишта.

**Минуваме на точката 15-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни гласале 53 од кои сите 53 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 69 присутни гласале 54, сите 54 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3; член 4 во новиот член 37-б; член 5 став 2 во воведната реченица и на член 7, по кои Владата не се произнела.

Дали претставникот на Владата ги прифаќа амандманите од Законодавно-правната комисија или да ги читам еден по еден. Треба да ве прашам.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманите се прифаќаат.

**Љупчо Јордановски:** Според тоа сите амандмани од Законодавно-правната комисија се прифатени затоа само ќе ги прочитам и ќе констатирам дека се составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 3 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 4 во новиот член 37-б, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 5 став 2 во воведната реченица, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 7, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 68 гласале 55 од кои 54 за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точката 16-Предлог за донесување на закон за финансиска полиција.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за финансии, а потоа госпоѓа Лалчевска.

**Максуд Али:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Предлогот за донесување на закон за финансиска полиција е во насока на подобрување на текстот на важечкиот Закон за финансиска полиција донесен од страна на Собранието на Република Македонија во март 2002 година.

Со овој предлог не се менува основната концепција на постоечкиот Закон.

Министерството за финансии одлучи да се пристапи кон донесување на нов закон поради преобемните измени што постојниот Закон ги претрпе заради усогласување на кривичното законодавств. Особено се од значење одредбите од членот 145 став 2 и членот 148 став 1 од Законот за кривична постапка кои се однесуваат на овластувањата што ги имаат надлежните државни органи во предистражната постапка и во истрагата.

Предлог-законот како решение се заснова врз сеопфатната компаративна анализа на развиените европски системи за специјализација во областа на финансискиот криминал прилагоден на потребите на Република Македонија.

Предлогот е во насока на усогласување на прописите на формалното кривично законодавство и е во согласност со причините за донесување на измените и дополнувањата на Законот за кривична постапка, Законот за спречување на перење пари, Законот за спречување на корупцијата, Законот за јавно обвинителство и други домашни прописи поткрепени со документите на Европската унија и Советот на Европа од областа на кривичното право врз основа на начелото АКИ.

Со предложениот закон се врши разграничување на надлежностите на финансиската полиција од другите државни органи надлежни во оваа обласат, пред се од надлежностите на Управата за јавни приходи и Дирекцијата за спречување на перење пари. Управата за јавни приходи е комбиниран административно инспекциски орган кој постапува согласно Законот за даночни постапки во врска со утврдувањето и наплатата на даноците. Дирекцијата за спречување на перење пари како административно тело е надлежно да обработува и анализира сомнителни финансиски трансакции. Постојната законска регулатива за системот на даноци и царини е содржана во одделни закони со кои е пропишана постапката за утврдување на обврските и нивна наплата. Овие закони предвидуваат даночни и царински прекршоци како начин за санкционирање на непочитувањето на материјалните одредби со кои се утврдени обврските за физичките и правните лица. Финансиската полиција како надлежен државен орган со надлежностите и овластувањата кои се предлагаат претставува повисок степен на заштита на финансискиот систем на Република Македонија и заокружување на системот за кривичен прогон на кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството. Финансиската полиција наспроти надлежностите на ваквите и слични државни органи е оперативен орган со полициски овластувања кои се во насока на откривање и гонење на сторителите на кривични дела од областа на финансиите. Воспоставувањето на основни начела за постапување на финансиската полиција и тоа начело на законитост, заштита на правата на странките и заштита на јавниот интерес, начело на еднаквост, непристрасност и објективност, начело на сервис на ориентација на органите за ефикасно остварување на правата и интересите на субјектите во текот на работењето, начело на ефикасност, начело на материјална вистина, начело на сослушување на странките и начело на одговорност.

Со донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за кривична постапка финансиската полиција стана активен учесник во пред истражната постапка и истрагата кога работи на откривање на кривични дела од областа на финансискиот криминал. Така, финансиската полиција во извршувањето на нејзината надлежност соработува со Јавниот обвинител, истражниот судија МВР и други државни органи, инспекциски и административни со цел ефикасна превенција и репресија на финансискиот криминал. Финансиската полиција согласно законските решенија има можност да применува посебни истражни мерки, техники и методологии под услови и во постапка утврдени со закон. Со Предлогот се предвидуваат законски решенија за начинот на постапување на финансиската полиција кога е неопходно да се спречи, или открие кривично дело од областа на финансискиот криминал и успешно водење на кривичната постапка. Со ова предложено решение се утврдува специјализиран надзор над финансискиот криминал и се врши одвојување од досегашниот генерален пристап за прогон што го имаше МВР. На овој начин е дадена можност за сеопфатна и ефикасна постапка на прибирање на докази, како и во пред кривичната постапка така и во истрагата. Специјализација на еден ваков орган за откривање и гонење на финансиски криминал е во насока на градење стабилен економски систем во Република Македонија.

Предлогот за донесување на закон за финансиска полиција има за цел развој на капацитет на овој орган со усвојување на најдобрите практики од земјите на Европската унија. Со оглед на тоа дека финансиската полиција е оперативен орган во Република Македонија надлежен за откривање и гонење на кривични дела од областа на финансискиот криминал. Во услови на појава на финансиски трансакции кои вклучуваат големи износи на парични средства за кои има сомневање дека не потекнуваат од легални активности, или за одредени стоки и услуги за кои не се платени јавни давачки, со овој Предлог закон се прави голем чекор напред во борбата против најсофистицираниот финансиски криминал кој ги сублимира сите видови криминал. Ова предложено решение воспоставува орган на државна управа стручен со експертски познавања од економијата, правото и финансиите, ефикасен и мобилен со широки овластувања за интервентентно превземање на активности во рамките на законот со почитување на човековите права. Очекуваните ефекти кои треба да ги произведе овој закон се: зајакнување и прецизирање на системот на мерки кои се превземаат за откривање и спречување на организираниот финансиски криминал, ефикасна превенција и зголемување на финансиската дисциплина, зголемување на ефикасноста на судовите и другите органи надлежни за откривање и гонење на криминалот, брза и ефикасна кривична постапка. Министерството за финансии смета дека едно вакво законско решение ги остварува реалните потреби на Република Македонија во иднина да воспостави соодветна контрола во примената на законските прописи во фискалната сфера, како и ефикасен и квалитетен прогон на кривичните дела од областа на финансиите со воспоставување на систем за спроведување на финансиската истрага и следење на трагата на парите од криминалот со кој се легализираат т.н. нечисти пари. Донесувањето на овој закон не повлекува дополнителни финансиски средства, односно нема фискали импликации врз Буџетот на Република Македонија, бидејќи финансиската полиција како посебна програма на Владата на Република Македонија е веќе воведена во Буџетот на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Би сакала да изнесам некои свои видувања за Предлогот за донесување на закон за финансиска полиција, некои дилеми, некои предлози итн.

Прво, да кажам дека сега важечкиот Закон за финансиска полиција донесен 2002 година за жал не заживеа, или барем не видовме некој ефект од постоење на ваквиот закон. Прво, сите контраверзии кои беа врзани околу почнувањето на примената на законот, односно конституирањето на самите органи кои што ќе вршат финансиска инспекција, или контрола во финансиското работење, а најголемата контраверзија беше неможноста долго време да се утврди првиот човек на финансиската полиција. Тоа внесе вознемиреност и недоверба во овој сегмент. А трагедијата да биде уште поголема, Уставниот суд од кога ги разгледа одредени одредби на овој закон, тој укина бројни одредби што во потполност го девалвираа законот. Значи, тогашниот член 5 беше укинат скоро целосно, значи и неговиот став 1 точките 3, 4, 5, 6, целиот став 2, го укина членот 6 итн, од причини што таквите одредби навлегуваа, го рушеа Уставот и навлегуваа во надлежности на други органи, значи не беа усогласени со Уставот. Уставниот суд од поодамна ги укина овие одредби, меѓутоа еве досега не беше донесен Предлог за нов закон. Сега ни се доставува еден Предлог за кој би сакала јас да дадам своја анализа.

Прво, да кажам дека приоритет на Владата беше ваквиот закон, значи донесувањето на нов закон после укинувањето на бројни одредби на стариот од страна на Уставниот суд, бил приоритет во 2004 година, па ставен во Програмата за 2005 година и дури сега некаде 2006 на крајот на мандатот на оваа Влада да излезе со ваков Предлог. Тука логично се наметнува прашањето, зошто сега и зошто пред избори се наметнува овој закон?

Сега би дала некои свои анализи на Законот. Прво, членот 2 каде што се третира организацијата на финансиската полиција вели дека финансиската полиција е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии, за во истиот тој член во ставот 2 дека ќе работи под името Дирекција на финансиска полиција. Сега, ако е таа Дирекција на финансиска полиција што е и сосема јасно кога ќе го видиме членот 4 ставот 1 точка 1 Дирекција на финансиската полиција, се поставува прашањето, дали тоа може така, бидејќи според Законот за државна управа дирекции можат да се создаваат како самостојни органи, само како самостојни органи. А ова е во склоп на Министерството за финансии, значи не е самостоен орган, а никаде јас не сретнав дека има својство ...

Претседателе, јас би ве замолила за мало внимание, навистина разгледуваме значаен закон.

Благодарам што се потрудивте.

Значи, членот 2 и членот 4 ставот 1 не ни се усогласени со Законот за државна управа. Финансиската полиција не е самостојна, ниту има својство на правно лице. Барем јас никаде такво нешто не прочитав. Значи, тоа е нешто што треба да го расчистиме, дали ќе биде Дирекција, или ако биде Дирекција тогаш мора да се усогласи со тој Закон.

Понатаму, во членот 5, во ставот 2 вели: за вршење на работите од својата надлежност финансиската полиција се организира во помали организациони единици во својот состав. Притоа не е дадено како ќе бидат тие образувани, колкави ќе бидат, кои, како ќе се определат, дали според територија, дали според надлежност. Значи, таму е така дадено, а не се знае како ќе оди тоа определување на тие помали организациони единици.

Сега нешто што за мене побуди најмногу контраверзии, тоа е надлежноста. И повторно влегуваме во она што Уставниот суд расправаше околу претходниот закон.

Прво, во членот 7 став 1, точка 1: спроведува финансиска истрага за кривични дела кои се гонат по службена должност и тн. Тука да напоменам дека најголемиот број укинувања од Уставниот суд беа токму поради водењето на истрагата на финансиската полиција. Според нашето позитивно право истрага може да води само истражен судија, не може друг орган надвор од судот да води истрага. Уставниот суд многу децидно и многу јасно во своето образложение дал зошто ги укинал тие одредби, бидејќи со давањето во ингеренции на водење на истрага во рамките на финансиската полиција сме навлегле, односно сме го нарушиле Уставот и дава образложение дека со Уставот е утврдено дека судската власт ја вршат судовите кои се самостојни и независни и судат врз основа на Устав и закон итн, и дека согласно Уставот основни принципи се владеење на право и поделба на државната власт на: законодавна, извршна и судска, при што секој орган си ја врши својата власт. А истрагите исклучиво се дадени во надлежност на судската власт. Ние не можеме со едно вакво решение со давање во надлежност на финансиската полиција да врши финансиска истрага, повторно навлегуваме во она што значи ингеренција и надлежност на судската власт. Истрагата всушност е стадиум во кривичната постапка во која овластените државни органи преземаат одредени процесни дејствија кога постои основано сомнение дека е извршено кривично дело. И таа се спроведува, може да се спроведува по барање на јавниот обвинител, кое се поднесува до истражниот судија на надлежниот суд. Значи, таму е лоцирана истрагата и таа ја спроведува истражниот судија при што нормално по негово барање можат определени дејствија да преземат и други органи, односно пред сé се мисли на МВР, меѓутоа по барање на истражниот судија. Комплетно за истрагата се грижи, за текот итн, се грижи истражниот судија. А ние сега во оваа одредба даваме во делот на надлежности на финансиската полиција и спроведувње финансиска истрага. Притоа не спомнуваме дали ќе е по барање на истражен судија итн. Значи, јас и сега напоменувам дека оваа одредба повторно ќе ни падне на Уставен суд. Меѓутоа, ќе видиме.

Во истиот член во точката 3 во ставот 1, имаме поим: географска област. А бидејќи една од фалинките на Законот е што нема поимник, овој Закон нема поимник како што претежно имаат законите за да ги појасни поимите и да ги дефинира кои се користат во законот, овој закон нема поимник и затоа воопшто е нејасно што подразбира предлагачот под географска област, а поготово ако тоа се поврзе со можноста финансиската полиција да постапува и надвор од Република Македонија. Значи, не ни е појаснето што всушност значи тоа географска област.

И имаме преклопување на надлежностите. Во истиот член во точка 1 став 1, спроведува финансиска контрола. Тогаш што прави Управата за јавни приходи и таа спроведува финансиска контрола. Како ќе ги разграничиме надлежностите кој која контрола ќе ја спроведува. Значи, дали двете ќе си ги превземаат надлежностите, или едната и другата ќе викаат, ние сме надлежни за овој дел. Значи, тука се преклопуваат со Управата за јавни приходи. Во истиот овој член вели, открива даночни затајувања, перење пари итн, што значи и овде веќе се прашуваме што ќе прави Дирекцијата за перење пари. И тука имаме едно преклопување, значи јасно не се разграничени дали финансиската полиција ќе врши контрола над сите овие, или пак ќе им се преклопуваат надлежностите. Јас ќе разберев, ако финансиската полиција беше таа што ќе врши контрола над сите. Меѓутоа, таа нема ни статус на правно лице, е во склопот на Министерството. И сега навистина нема посебен правен субјективитет за да може да врши контрола над овие постојни дирекции итн. Значи, членот 7 навистина побудува контраверзии за функционирањето на финансиската полиција.

Сега би сакала нешто да прокоментирам за оние раководните структури на финансиската полиција. Членот 9 вели дека со финансиската полиција ќе раководи директорот кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија по предлог на министерот за финансии, тој ќе има исто така свој заменик и него го именува Владата по предлог на министерот. Сега тука за мене се јавува најголемата дилема. Предлагачот очигледно се определил за концепт на, да речам политичка личност која ќе раководи со финансиската полиција. Штом него по предлог на министерот го именува Владата со мандат од 4 години, тој е политичка личност. Секоја Влада, секој министер ќе си именува свој директор и заменик директор на финансиската полиција.

Основното прашање дали ние треба да се определиме за концепт на политичка одлука кои ќе раководат со оваа институција која што треба темелно да врши контрола во финансиското работење, да ги открива сите злоупотреби во овој сегмент што воопшто не е лесно да се откријат и да се следат, значи тие што ќе работат таму треба да бидат доста стручни, или пак ни е потребна независна финансиска полиција која

воопшто нема да биде политички врзана за ресорното министерство за да може ефикасно и стручно да си ја заврши својата работа, односно да го следи патот на парите, како би рекле и да ги открие сите финансиски малверзации кои се прават во врска со движењето на парите. Значи, тоа ќе биде нејзината основна работа.

Сега, ако сакаме да е таа ефикасна, да го следи патот на парите и да ги открива сите финансиски малверзации, нам, дефинитивно ни е потребен друг концепт. Потребана ни е независна и стручна финансиска полиција. А, со ваков концепт, со политичко наименување на привите луѓе во финансиската полиција, ние нема да успееме да изградиме таква, каква што ја сакаме. Ќе ни биде врзана за полититката и политичките одлуки на гарнитурата што е на власт. Директно за министерот за финансии и преку министерот за финансии за Владата.

Ако имаме предвид, дека како одиме на скалилото на институциите нагоре, кон врвот, така се се поголеми можностите за финансиски злоупотреби и малверзации со парите, во повисоките структури, тогаш уште повеќе доаѓаме до тоа дека вакво тип на финансиска полиција, организирана и врзана за владините структури не ни е потребна, бидејќи, како таа ќе ги открива малверзациите со пари во највисоките структури, ако е врзана директно со првиот човек на Министерството за финансии.

Понатаму, колку тие први луѓе и колку ни е погрешен концептот на раководење што сме го одбрале за финасиската полоција, еве уште еден факт како поткрепа.

Во членот 11 се зборува како престанува мандатот на директорот на финансиската полиција и на неговиот заменик кога од страна на судот му е изречена мерка забрана за вршење дејност на раководно лице во институцијата. Па, ве молам, ваквото решение ми е смешно. Да се разреши директор ако некој од раководителите на сектор лошо работел. Па, тој кој лошо работел, тој ќе си одговара за своето лошо работење. Вака, ние го ставаме, политички одбраната личност ја ставаме во позиција да ги штити своите раководители и да не ги истуркува на виделина своите лоши работења, затоа што на тој начин си ја штити својата позиција. Уште повеќе го врзуваме да го покрива лошото работење на раководителите на сектори, бидејќи директно за нивното работење или не работење го врзуваме неговото опстојување на функцијата прв човек на финансиската полиција. Вакво решение, апсолутно е неприфатливо.

Во истиот член понатаму се вели, нестручно и несовесно извршување на функцијата и изостанување на позитивни резултати во работата на финансиската полиција. Тоа ќе биде една од причините поради што ќе може да биде разрешен директорот.

Тука се поставуваат прашањата кој ќе ја цени нестручноста и несовесното извршување на функцијата? Него го поставува министерот, значи по претпоставка тој ќе ја цени нестручноста и несовесноста на неговото работење и изостатокот на резултати, позитивни, во работењето на финансиската полиција, ќе ги цени истио оној кој ги именува и директон ги има врзено за своето министерство. Во превод, народски кажано, ако не си ни послушен сега, јас ќе кажам дека си нестручен и несовесен и веднаш ќе те разрешам. А, згора на тоа да не напоменувам дека секоја промена на политичката гарнитура на власт повлекува и промена на првите луѓе на финансиската полиција што е сосема логично, затоа што ги предлага министерот и ги разрешува министерот, а има инструменти и следниот министер ведаш да каже дека е нестручен и несовесен, ќе го разреши и ќе си донесе за прв човек од својата бранша.

Тоа значи дека концептуално, јас нема да навлегувам понатаму во некои други решенија бидејќи ценам дека ако вака концептуално или лошо била поставена работата во врвот на финансиската полиција не можеме понатаму да очекуваме некои значајни ефекти во работата на финансиската полиција, бидејќи директно сме ја врзале за политичките структури што ќе бидат на власт, директоно за Министерството. Не сме и дале независност, не сме се потпреле врз стручнста на првите луѓе. Никаде не прочитав кои се тие стручности што треба да ги има првиот човек на финансиската полиција. Какво образование, колку години стаж, итн. Туку, само дека го поставува и разрешува министерот за финансии.

Таму е дадена и можност за повторен избор што раѓа неправилности во работењето, бидејќи ако два пати едно по друго ве бираат за прв човек, се врзувате за разни структури, па тука се доведува во прашање вашата непристрасност во работењето, макар што тоа многу тешко може да се случи, бидејќи често се менуваат политичките гарнитури на власта. Тоа значи дека често ќе имаме промени на првите луѓе. Од таа причина мислам дека предлагачот, за втората фаза многу внимателно треба да обрне внимание на овие забелешки и на концептот каква финансиска полиција сакаме.

Јас сакам и предлагам да имаме независна и стручна финансиска полиција, што ќе може без никакви притисоци да ги извршува и следи движењата на парите и сите финансиски малверзации што се можни во овој сегмент. Ви благодарам.

(Со седницата продолжи да работи господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието.)

Слободан Најдовски: Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Има збор пратеникот Арсоски Славе.

Господине Арсоски повелете.

Славе Арсоски: Почитуван потпретседателе, претставници на Владата, колеги пратеници,

Би сакал да истакнам неколку работи во врска со поднесениот Предлог за донесување на закон за финансиска полиција и сметам дека истите, еден дел на забелешки што се истакнаа и на матичната Комисија еве и од собраниската говорница, во втората фаза на конституирање на самиот закон веројатно дека ќе се земат предвид се со цел навистина да имаме закон што ќе одговара, од една страна на реалните потреби во Република Македонија и целта што сакаме да ја постигнеме, а од друга страна во концептирањето на соодносите со одредените законодавства со земјите на Европската унија. Дефакто, ако сите се согласуваме дека имало, има, а веројатно и понатаму ќе има соодветен криминал, а ова е специфичен криминал, финансиски криминал, неопходно е секоја држава, а сигурно и нашата да води соодветна борба, преку соодветни институции Што повеќе истиот криминал да биде намален и во крајна линија искоренет, па сите носители на такви дејанија сигурно да бидат казнети според соодветните позитивни законски прописи. А, сведоци сме дека секогаш парите, финансиите ги лажат луѓето и луѓето секогаш преземаат соодветни мерки во тој дел да направат соодветни незаконски или несакани дејанија.

Формирањето на финансиската полиција или донесувањето на првиот Закон за финансиска полиција во 2002 година, во досегашниот период можеби не го даде целосно очекуваните резултати од аспект на конституирањето на самиот орган, финансиската полиција и на Комисијата за финансирање и Буџет тогаш почнав со дискусија од последната реченица, па после директорката, која е тука присутна, даде некои објаснувања, бидејќи во самото образложение така делуваше дека, имено, финансиската полиција делува без соодветен деловен простор, моторни возила ниту адекватна опрема. Значи, тоа не смееме да го дозволиме.

Ако сме сериозни, а сакаме да бидеме сериозни, ако сакаме да се бориме со едно зло што го имаме, мора во овие институции, неопходно е никогаш да не трпат за соодветни технички средства, кадровски потенцијал, итн, тогаш нема да ја постигнеме целта. Колку да е добар Законот, ако истиот не е придружен со сите овие додатни средства тоа значи дека целта нема да се постигне, па колку и да имаме соодветна желба, волја итн, во она што сакаме да го постигнеме.

Сметам дека во таа насока, сигурно, состојбите ќе ги поправиме, како што бевме информирани на самата матична комисија, односно сега одиме во насока на екипирање на еден орган, наречен финансиска полиција што навистина ќе одговори на вистинските потреби што се јавуваат во нашата земја.

Самиот закон, како закон во целина е конципиран така да биде навистина еден современ закон, што реков во соодветните забелешки во втората фаза што верувам дека ќе се земат предвид, ќе одговара на она што сакаме да го постигнеме и , да ви кажам, отворив некои дилеми во самиот закон, а дали се исправни или не, во понатамошната фаза сигурно ќе бидат предмет на разгледување, за целосно конципирање на самиот Закон за финансиска полиција.

Прво, организацијата, колешката Лалчевска напомна за дилемата дали овој орган, финансиската полиција треба да биде независен или во самото Министерство за финансии. Длабоко сум уверен, имајќи ја самата тежина на делувањето на самата финансиска полиција и предметот на работа, сметам дека треба да биде независен орган, не во склоп на Министерството за финансии. Значи, независен посебен орган, независен од било какви влијанија, политичли-неполитички, итн, бидејќи се работи за навистина суптилна проблематика, а тоа е откривање на финансов криминал. Тој криминал, изразен во пари, не се знае висината колкава е. Сведоци сме на перење на пари, финансиски криминал, итн. Затоа сметам дека треба во тој дел да се размисли дали посебен орган, да биде потполно независен, бидејќи само така, во тој контекст може да се постигне целта, тоа што сакаме да го постигнеме.

Понатаму, во членот 4, во таа организација на работа, ставот 1, финансиската полиција работите од својот делокруг ги извршува преку Дирекција на финансиска полиција и подрачни единици. Подрачни единици треба да има, решението е добро, барем за поголемите градови, што не значи дека некаде, во помалите градови не се прават соодветини финансиски криминали, но како што е замислено е добро. По вертикала треба да има една структура на организација на самиот овој орган кој би бил независен, покрај главната Дирекција, што веројатно би била во Скопје и подрачните единици каде би функционирале на тој вертикален начин, а да не повторувам, за тежината на работата што ќе ја има финансиската полиција.

Понатаму, во членот 5, во ставот 3, во зависност од службените задачи што ги извршуваат вработените во финансиската полиција, работните места се класифицираат во дадените групи. Би требало под еден (1) да има директор и заменик директор, ако веќе ги предвидуваме понатаму. Па потоа раководители во финансиската полиција. Тоа би биле во подрачните единици она што предходно го кажав. Така некако да се концептира, да се знае дека има директор, има заменик директор, бидејќи понатаму, со финансиската полиција ќе раководи директор и заменик директорот, што ги бираат Владата на Република Македонија, да launch речеме по предлог итн. итн.

Понатаму, мора појано да се каже кој може да ја врши успешно улогата на финансов полицаец. Треба да се каже со кое образование, со која струка. На Комисијата за финансирање и буџет кажав ако се работи стрикно за финансии и финансов криминал, ќе видите во надлежностите кои се се надлежнсти на самата финансиска полиција.

Не деградирам, секоја струка си вреди, не може доктор, да не се навредат, да ја врши улогата на финансиски полицаец. Мора да се напомне, дипломиран економиста, со толку работно искуство итн.итн. Во тој контекст треба да се напомне и да се знае од која струка, се разбира, високо образование и од која струка треба да бидат, за да најуспешно одговори на задачите. Тој не може да знае што е ДДВ, што е завршна сметка, ако никогаш во животот не се сретнал со истата проблематика. Затоа треба тука да постои, во самиот законо да се напомне.

Во делот на надлежностите, на самата Комисија истакнав, мислам дека се преголеми надлежностите и ќе дојде до судир, до мешање на надлежностите. Се согласувам дека гонењето на криминалот и финансискиот криминал е комплексно прашање. Неминовна е соработка со повеќе институции. Сигурен сум дека финансиската полиција или финансовите полицајци никогаш нема да бидат успешни ако истите не соработуваат со сродни институции што се занимаваат со сродна проблематика. Мора да има соработка и со Царинската управа и со Управата за јавни приходи и со Дирекцијата за спречување на перење на пари, со Јавното обвинителство итн.итн.

Во тој дел се некако прешироки надлежностите, Еве и во членот 1 - спроведува финансиска контрола или во членот 10 - поднесува иницијатива за поведување постапка за утврдување наплата на јавните давачки итн. По функција, плаќањето на данок или ДДВ, тоа е работа на Управата за јавни приходи. Инспекторите од Управата за јавни приходи токму им е таа функција да контролираат кој платил данок, кој не платил данок, да преземат мерки зошто не платил или зошто го платил.

Хипотетички може да се постави прашањето, да не дојде во судир, во ист момент, во иста фирма да бидат инспекторите од Управата за јавни приходи и од финансиската полиција и да се постави прашањето дали го платиле данокот или не го платиле. Тука да не дојде до судир на овие надлежности.

Стрикно, мислам дека тежината на финансиската полиција е поголема и во кој контекст истата, во нивна надлежност треба да оди, па затоа сметам дека тука мора поконкретно да се каже каде и што треба да работи. Вака, се дава широк простор, а резултатот може да биде многу помал. Овие надлежности не смеат едноставно така да се претрупуваат во тој дел.

Во членот 8, став 7 - врши претрес на дом и други простории со судска одлука. Дали можат и без судска одлука? Ако имаат индиции за одреден дом или некоја просторија, имаат индиции дека е направен соодветен финансов криминал, па ќе чекаме судсака одлука, па некој да ги тргне соодветните документи или нека бидат парични средства девизни итн? Дали има право и без судска одлука? Јас мислам дека има право. Со самата легитимација што ја имаат, на почетокот е кажана, со беџот итн, тие го имаат правото да влезат во соодветни простории каде имаат индиции дека во таа просторија е направен соодветен криминал од областа на финансиите. Затоа мислам дека тоа треба да се земе во предвид.

Неколку работи околу начинот и методите што ги користи, повеќе се, четири методи, некако четвртиов метод, метод на утврдување на процентуална маржа, најчесто се применува кај физички и правни лица кои се занимаваат со малопродажба каде постојат информации за почетните и крајни залихи и соодветна процентуална маржа. Нејасно ми е, во пазарна економија маржата е категорија определена врз база на пазарните законитости. Нема определување, освен оние монополски производи, како што се нафта, струја итн. Во малопродажба, во еден дуќан тој ќе стави и 200% ако има потрошувачка. Тоа е пазарна економија. Нема ние тука што да бараме, да определуваме маржата била голема или зошто ги употребил средствата. Во пазарна економија тоа не се признава. Пазарот ги диктира соодветните заработувачки, односно профити. Затоа, не знам како сметате да утврите ако некој има голема маржа па да видиме зошто е ставена таа голема маржа или не ја ставил. Ја ставил зошто пазарот му диктира дека може да оствари соодветен профит по тој основ итн.

На седницата на Комисијата за финансирање и буџет истаканв и мора, сакале или не, во втората фаза да ја имате во предвид техничката опрема, огнено оружје и криминалистичко тактички мерки.

Мора стриктно да се каже од аспект на пример став 2, финансиските полицајци при спроведување на своите надлежности, носат, поседуваат службено оружје и други средства за присилба, па кажуваат дека се палки и така натаму. Дали финансиските полицајци, секогаш ќе ги носат тие технички средства, огнено оружје, палки, или нема да ги носат и кога ќе ги носат. Да не ги изедначиме во конкретниот случај полицајците од финансиската безбедност со полицајците од јавната безбедност. Мене несфатливо ми е финансов полицаец да ја носи палката. Тој може да ја употреби но во која ситуација. Има ситуација во соодветна просторија, каде има индиции, тогаш може да носи. Не може тој секојдневно да ја носи. Или сега со помош на тие средства треба некој да се совлада. Јас тврдам дека со припадниците од

јавната безбедност мора да бидат и тие мора да учествуваат во такви состојби каде треба да имаат и физички пресметки во крајна линија, општо кажано. Но, секојдневно да ги носат тие палки, пиштоли, или некои трети технички средства, мислам дека не би се согласил. Не би делувале во согласност со функцијата што би ја имале финансиските полицајци. Тогаш со што би се разликувале од обичните полицајци, или полицајците од јавната безбедност. Тоа не ми е јасно. Мислам, мора да се напомне во кој случај, а н секогаш тие да носат. Значи, треба ова да си има предвид во натамошната изработка на конечнот текст на самиот закон за финансиска полиција, на кој начин и како ќе биде истото регулирано. Другите се обврски и права на самите финансиски полицајци, за плти идруги надлежности. На крајот би кажал во делот на финансирањето и сега истото прашање го поставувам. Дека финансиската полиција се финансира од средства од Буџетот и тука кажува и покрај средства од Буџетот, финансиската полиција остварува средства во висина од 25% од приходите од откриени и наплатени даноци. Се согласувам во делот дека треба да остваруваат такви средства. Сметам дека ставката е многу висока. Јас по природа би кажал дека сите оние лица кои се инволвирани на откривање на било кој криминал, но овој финансиски криминал, треба да бидат наградени, иако вамо наградувањето е ограничено. Вели, финансискиот полицаец можеда земе поголема плата 30% од основната. Јас да ви кажам искрено оваа дејност тие што ќе се занимаваат со ова е толку ризично, толку е одговорно, толку е замерливо и навистина треба да бидат платени ако сакаме да имаме соодветни резултати. Сигурно финансиски полицаец не би ја вршел оваа работа за 15-20 илјади, колку што моментално е таа плата за ваква ризична и одговорна задача. Јас не знам колку е оправдано или не е оправдано, јас да ви кажам искрено и финансискиот полицаец кој што ќе открие ваков криминалитет да земе соодветен процент од наплатени даноци и така натаму. Овие 25% немојте стриктно да ги држите. Можеби држи до 25%. Хипотетички можеме да поставиме прашање. Ако открие финансиската полиција криминал од 10 милиони евра, можее и од 50 милиони евра претпоставите 25% се 15 милиони евра. Дали тие 15 милиони евра би влегле веднаш во самиот фонд на самата финансиска полиција. И како би се потрошиле. Затоа велам врз база на откриениот криминал, на самата висина и самите финансиски полицајци би требало да бидат наградени за онаа ризична работа која што ја извршуваат. Тука треба да се размисли. Да има соодветен процент, да биде преку 25% а не стриктно до 25%. И тие средства сигуртно како што се напоменува ќе се употребуваат за модернизирање, проширување и ред други работи кој што неопходно ги бара самата служба и тие полицајци кои што се ограничени до 30% ограничена плата, ваква ризична работа извршуваат, и затоа тука не би било лошо да се размисли во делот на наградата за откриени вакви дела и самиот полицаец да има некоја награда процентуално. Не е ништо чудно ако земе тој 1000 евра, а открил 100 илјади евра. Нека се награди. Хипотетички поставувам нека бидат и пет илјади евра. Претпоставите тој што открил 500 илјади евра, кој ризик го носи самиот полицаец. Тој нема да се замерува за плата од 15 илјади да го гони некој за 500 илјади. Значи, треба да се размисли во тој дел и за тоа ние како пратеничка група на СДСМ во оваа прва фаза ќе го поддржиме, се разбира со ови соодветни забелешки. Верувам дека во втората фаза ќе имаме навистина, закон кој што одговара на реалните потреби на нашата држава. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Арсоски.

Има збор господинот Зоран Томиќ.

Повелете господине Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги и почитувани претставници на Министерството за финансии,

Јас моите забелешки ги кажав и ги соопштив на Комисијата, односно на Законодавно-правната комисија, меѓутоа, лично сметам дека поради важноста, спецификите, тежината, но особено поради актуелниот миг, овој Предлог закон за финансиска полиција спаѓа во категоријата на мошне сериозни законски прописи, имајќи ја предвид прво, како што реков спецификата на проблематиката, а второ, навистина да направиме еден мошне солиден државен, многу битен закон, во кој би се расчистиле сите нејаснотии и би имале јасна дистинкција меѓу она што претставува од една страна овој орган, значи финансиска полиција и сите други органи или институции кои имаат сродни дејствија. Сузбивањето на организираните форми на криминалитетот е насочено кон откривање на казненото дело, спроведување на постапката, изрекување на казнената санкција и утврдување имотна корист стекната со извршување на казненото дело. Одземање и ставање на располагање на државата. Овој многу битен елемент јасно е содржан во препораките на Советот на Европа, препораките на ОН, и мене ме радува дека и нашето законодавство оди токму во таа насока и од тој апскт она што го кажа колегата Арсоски, апсолутно држи, и дека во целост ќе ја поддржиме оваа прва фаза од донесување на овој закон. Меѓутоа, мене навистина не ми е сфатливо и не ми е разбирливо зошто не се оди кон една поголема самостојност на овој орган. Јас тоа го реков и на Комисијата. Лично сметам дека поради спецификите во најмала рака и овде би саскал да ги охрабрам претставниците на Владата. Ми се чини дека е крајно време финансиската полиција да биде правно лице. Се поставува една голема дилема. Читајќи ги одредбите од овој закон јас искрено верувам дека

според она што е содржано во овој Предлог на закон, овој орган повеќе ми личи да биде во склоп на Министерството за внатрешни работи, отколку во Министерството за финансии. Недоумицата ми произлегува од повеќе одредби, меѓутоа, би сакал да ги разграничам овие мои правно технички дилеми со институционални компоненти. Лично сметам дека во одреден број на членови, да не ги именувам еден по еден се мешаат надлежностите помеѓу неколку органи, кои вршат или обавуваат или имаат за цел токму она што ви го кажав на почетокот, а тоа е откривањето на сторителите на кривичните дела од аспект на финансов капитал. Тука има и правни недоречености, колешката Лалчевска забележа една таква, тоа е во членот 7 став 1, точка 4, значи открива финансиски криминал во определена географска област и тн. И за да не се повторуваме, би бил многу поконкретен. Лично сметам дека во оној правно-технички дел се меша овој закон со одредбите од Законот за кривична постапка. Ќе кажеме и на кои делови тоа се однесува. Лично сметам дека тој дел треба да биде многу попрецизен.

Второ, читајќи ги одредбите од Законот за кривична постапка, јас не знам, или не верувам, ќе бидам малку подиректен дека токму финансиската полиција би ги имала таквите овластувања што во принцип треба да ги има Министерство за внатрешни работи, а кои се однесуваат пред се, на следење на податоците и употреба на оние сите специфицирани техники и тн., а не би сакал како илустрација да го земеме членот 24, каде што на пример се кажува во ставот 1 дека финансискиот полицаец може да изврши претрес на лице во кое се сомнева дека кај себе крие документи, пари и тн. Мислам дека овде се оди во многу поголеми овластувања што дури и припадниците на Министерство за внатрешни работи ги има, па добро би било една работна група од овие две министрства да седне и да се договори и своите надлежности јасно да ги разграничи.

Сега посебно би сакал да се осврнам на еден член од предложениот закон. Тоа е членот 28, кој се однесува на времени мерки. Имено, според меѓународната дефиниција, знаеме дека заплена или замрзнување значи времена забрана за пренос, уништување, замена, располагање или движење на имот, или привремен надзор, или контрола на сопственоста врз основа на налог издаден од суд и тн. Дали финансиската полиција е тој надлежен орган кој може да поднесе предлог до надлежен јавен обвинител, или суд за издавање на времена мерка, со кое ќе се забрани физичко или правно лице да располага и оттуѓи имот. Зошто ова го велам? Затоа што еве ја јасно одредбата која се коси со членот 203 в, од Законот за кривичната постапка, бидејќи товарот на докажување во дадениот случај, а нешто понатаму ќе зборувам и за последиците, бидејќи овдека како да ја заборавaме презункцијата на невиност и на огромните штети кои можат да настанат со издавање на една таква привремена мерка. Затоа сметам дека оваа одредба не треба да биде содржана во овој закон за финансиска полиција.

Во поглед на времената мерка би сакал да кажам и неколку примери, кои би биле од големо значење. Би ја зел за пример Полска, новата членка на ЕУ, каде вакви одредби во поглед на времените мерки, морам да кажам дека се многу битни, могу значајни. Се предвидени исто така во нивниот закон за кривична постапка во членот 217, меѓутоа, во Законот за банки членот 105, мислам дека е познато на претставниците на Владата и повторувам, добро е и компаративно да се погледат овие работи. Или на пример во кривичниот законик на Ирска каде што на многу јасен начин се кажува, како може да се дојде токму до постигнување на целта, која што сака да се посстигне со овие времени мерки. Мене лично ми смета да ви кажам, она што недостасува во овој закон, а тоа е заштитата на сите лица кои се осомничени, повторувам, како презункцијата на невиност се заборава, и без оглед што во членот 29 став 4, ставена е двостепеност на оваа постапка. Мислам дека мора да се следи и она што вчера ова Собрание го усвои, а тоа е првата фаза од Законот за управни спорови, каде што на еден сосема поинаков начин се предлага двостепеноста во овие постапки. Јас уште еднаш ќе кажам дека овој закон го поддржувам во оваа фаза и овие забелешки јас ги понудувам и го кажав тоа и на Комисијата. Имаме сосема солиден тим и тука во Собранието да помогнеме во изработка на еден квалитетен текст на Закон и имам уште една забелешка во оваа прва фаза, или мој предлог. Сметам дека недоволно е посветено на фазата на меѓународна соработка, односно дека токму во нашето домашно законодавство треба да се преземаат мерки за взаемна правна помош во истраги, кривично гонење, судски постапки и сето она што напред го кажав. Ова особено што сакам да илустрирам само со два примера. Значи она што по мене недостасува во овој Предлог закон, значи не се предвидува можноста осомничениот за одредено казниво дело се наоѓа во земјата а криминалниот акт на пример се случува во рамките на територијата, меѓутоа имотот се наоѓа во странство. Оваа е една многу честа појава, за жал присутна и илустрирана дури со неколку примери во нашето законодавство против одредени лица за кои се води постапка. Значи тоа е првата ситуација. Меѓутоа, имаме и една обратна ситуација, а тоа е имотот да е во земјата, а осомничениот и актот се случиле во странство.

Ја молам директорката да биде повнимателна на овие забелешки што сакам да ги кажам и ги кажувам јавно. Да го земе стенограмот. Лично мислам дека ова е што не достасува во овој Предлог на закон. Намерата ни е да го подобриме текстот на законот, намерата ни е да создадеме навистина квалитетен закон.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Томиќ. Најдобронамеро сигурно беше обраќањето кон директорката. Јас колку што гледам внимателно забележува се пратениците кои што предлгаат, а знаете дека нема право да дискутира.

Има збор пратеникот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас скам уште еднаш да истакнам некоку значајни точки на кој треба да се обрне внимание во врска со натамошната судбина на овој проект. Треба да водиме сметка за фактот дека финансиската полиција ќе се сретне во наши услови не со поединечни и ситни затајувања на разни функционери, или други лица од државните пари, туку ќе се сретне со феноменот организиран криминал. Затоа, финансиската полиција треба да има сосема изразена самостојност. Да не биде во составот на Министерството за финансии. Да има еднакви права према сите министерства да ги надгледува, да ги следи, да утврдува дали некој функционер, или некои функционери, фактички овозможуваат финансиски добивки против законот. Дали истечуваат државните пари, фактички, народните пари и така натаму. Затоа, статусот на финансиската полиција, на оваа дирекција која ни се предлага, не треба да има статус како некои сектори и одделенија на Министерството за финансии, туку треба да биде сосема независен орган.

Второ, Мислам дека сите оние предистражни дејствија, кои се сега во врска со финансиски криминал, кои сега се во надлежност на Министрството за внатрешни работи, би требало да се префрлат во овој орган. И овој орган да биде важно докрај добро опремен да може да ги извршува.

Трето, треба во Законот да биде сосема јасно дека истражните дејствија, заедно со целата таа постапка и во случајот кај финансискиот криминал се судска надлежност.

Притоа, кога ќе се доработи овој закон и од тоа што ќе произлезе од него, треба да се види како, колку и дали некои наши решенија во организација на судовите се доволни или треба некоја поука и од овде да извлечеме, да видиме како пак судовите да ги направиме ефикасен инструмент кој дефинитивно ќе дели правда во споровите околу сомненијата за финансиски криминал, и таа власт ќе биде ефикасна. Инаку во оваа прва фаза ние го поддржуваме овој Предлог за донесување на закон, а очекуваме дека на сите овие укажувања во доработката, во изготвувањето на предлогот што ќе дојде овде, да си најдат место. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Андов.

Има збор пратеникот Мавровски Спиро.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитувани господа од Министерството, почитувани колеги,

Мислам дека пред нас имаме еден Предлог-закон за финансиска полиција и се би било добро доколку овој закон некаде во 2002 година не беше донесен и со ова прво читање на законот, јас имам чувство дека се побркани сите работи. Во меѓувреме се направија многу агенции, дирекции кои работат токму на оваа проблематика што треба да ја има оваа финансиска полиција.

Во самиот закон, во членот 35, вели: "Во извршување на работите од својата надлежност Финансиската полиција соработува со Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Дирекцијата за спречување на перење на пари, Државната комисија за спречување на корупцијата, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Државниот завод за ревизија, Државниот девизен инспекторат и други инспекциски служби, државни органи и правни лица кои со закон се надлежни за спречување и откривање на казниви дела". Можеби токму тука е замката, со донесувањето на овој закон. Секогаш нашиот човек вели, до колку имаме една работа која треба да ја извршат двајца или тројца, верувајте дека никој нема да ја заврши. Во оваа ситуација, многу често, префрлајќи ги ингеренциите и одговорностите од една на друга установа, ќе дојдеме во ситуација во која сме сега. Значи, вие си земате за право во Финансиската полиција да може да се извршуваат работи како што е даночно затајување каде говоревме за Управата за јавни приходи дека е директно задолжена, да се случу ваат даночни пирамиди во Република Македонија и сите овие државни органи што сега ги спомнав, апслутно, како што кажа Јавниот обвинител да имаме само две пријави, а поминале милионски средства и никој за нашто не интервенирал. Сега прашањето е дали ние и со ваквата финансиска полиција се трудиме да обезбедиме нешто со што криминалот едноставно ќе биде запрен или пак правиме уште една, да речам финансиска полиција што ќе може да се каже дека учествувала, но поради ограничувањата во своите работи, од Управата, од Дирекцијата и незнам од кој не се стигнало да се најдат овие активности. Значи во членот 7 каде стојат надлежностите побркани се сите работи, даночно затајување, Управа за јавни приходи, перење на пари, Дирекција за спречување на перењето на пари. Мислам дека тука треба да дефинирате.

Понатаму во ставот 3 стои: "Поголеми значителни износи и износи од големи размери".Мислам дека граѓаните треба да знаат за што се работи, затоа што и понатаму имаме точки каде тоа не е регулирано и сега кај многу луѓе се јасвува прашањето што е тоа - многу големи размери и големи износи, затоа што од некои износи што се вртат во Република Македонија боли глава и на

крајот, како што почна пирамидата некои за 100.000 денари ќе треба по две или по три години да бидат осудени со затвор, а тие што имаат повеќе од милиони евра нема да бидат ни прашани.

Понатаму во ставот 7 од членот 6: "Спроведување постапка за испитување на имот и имотна состојба врз основа на јавни податоци и регистри што се водат согласно закон".

Мислам дека во Собранието пред претходната седница имавме еден ваков закон што мислам дека нема да донесе многу позитива, а тука веќе се вклучува и финансиската полиција и понатаму и некои други членови. Токму се говори за овој начин, со изјави на граѓаните, со директно мешање на Финансиската полиција, земање директни докази од граѓаните, ќе се доведе во некоја ситуација во која можете да дефинирате одредени работи. Мислам дека и тој закон што беше донесен и ова што сега го предвидувате нема да донесе апсолутно ништо ново.

Членот 11 став 2 вели: "Директорот и неговиот заменик може да бидат разрешени согласно со став 1 алинеја 4 од овој член, поради, алинеја 1, нестручно и несовесно извршување на функцијата и изостанување на позитивни резултати во работата на финансиската полилција". Јас мислам дека тука треба да заврши "со извршување на функцијата", затоа што ова "изостанување на позитивни резултати во работата на финансиската полиција", не знам како вие во старт ќе утврдите колкави се тие позитивни резултати, што всушност Финансиската полиција и колку од овие вредности треба да бидат, за да бидат позитивни резултатите, или што значи негативни резултати. Тоа затоа што вака како што сме под опсервација на Европската унија, ние сега имаме катастрофални негативни резултати, но Владата го прикажува тоа дека е позитивно. Значи наредната влада може да го употреби она што е извештај на Европската унија и да каже дека тоа се негативни резултати. Затоа мислам дека тука треба да се поведе внимание, или евентуално тоа да се избрише за да не биде причина, било кој да биде избркан, а ќе биде избркан, бидејќи давате можност на министерот да го избира директорот. Тука апсолутно тоа е политичка функција и нема шанси да биде поинаку.

Понатаму членот 19, тука повторно за ова што го говорев пред малку, за овој нов закон од два или три члена, што беше спроведен. Став 1 вели: "Доколку Финансиската полиција, од сознанијата и материјалните докази, прибрани со примена на методите за докажување на приход, утврди и за тоа писмено ја извести Управата за јавни приходи да покрене редовна постапка за утврдување и наплата на јавните приходи за тој имот или приход". Тоа со Управата за јавни приходи, токму во овој претходен закон беше решено. На било која пријава Управата за јавни приходи, заедно со своите инспектори или лица кои работат во Управата за јавни приходи, да го направи сето ова. Значи, без никаква помош на Финансиската полиција. Никој таму не ја спомнува финансиската полиција. Дали тоа сега е нешто ново дека Финансиската полиција ќе биде тој орган што ќе ги спроведе овие сознанија што ќе ги имате од некој за да може да донесе одлука Управата за јавни приходи и да ја почне постапката. Треба да ги разјасниме работите, или да се вклучи во тој закон. На овој начин мислам деке не е во ред.

Во членот 19, став 5 вели: "Постапката од овој член може да се покрене до колку со одредбите на овој закон не настанала застареност на правото за утврдување на данок или на друга јавна давачка". Сега ова, застарување на правото за давање на данок, го видовме неколку пати и многу различно е интерпретирано. Некогаш и пет години се малку, некогаш и шест месеци се многу. Мислам дека тоа треба да биде дефинирано затоа што некој со милионски суми, затоа што судот заборавил пет години, нема никакви санкции, а некој после 6 месеци веќе добива и решение од Врховен суд. Начинот на кој така се работи во моментот, апсолутно треба да се исклучи. Мислам дека овој закон тоа треба да го има предвид. Или тоа ќе се исклучи дефинитивно, или пак не го ставајте во законот, затоа што дава можност да има различна интерпретација.

Понатаму членот 24:"претрес на лица". Некој тука кажа и сега потоа што и понатаму имаме за финансиската полиција, вие добро кажувате и таму каде што е приемот на лицата во Финансиската полиција, да се помлади од 35 години, но не ставате до колку години и со колку години треба да бидат пензионирани лицата, затоа што тука има услови, како што ги имаат условите полицајците во МВР. Значи, се носи пиштол, пиштолот може да се употреби, луѓето треба да бидат во добра физичка кондиција, затоа што гледајќи каква е финансиската полиција во Америка и во европските држави, тоа е една полиција надвор од било кое министерство, која може да го провери и самиот премиер и самиот претседател на држава. Во оваа ситуација министерот за финансии ја води оваа финансиска полиција и тука не гледам некои активности кои таа финансиска полиција ќе може да и ги донесе на државата. Мислам дека еднаш треба да дефинираме дали тоа го правиме со цел. За мене ќе биде крајно дозволено Финансиската полиција да интервенира на тој начин и може ли во тие ситуации да бара помош од МВР, директно во акцијата, затао што вие понатаму во некои членови кажувате од што треба да биде обезбеден оној што ќе биде член на Финансиската полиција, но мислам дека главното не го допирате. Македонија во овој момент е место низ кое поминуваат неколку коридори за продажба на дрога, перење на пари и продажба на оружје. Значи, ние се наоѓаме во еден центар на Балканот каде овие дејанија се многу големи, се вртат огромни пари, да не говорам тука за тутунот плус, она што е шверцувано дека е шверцувано.

Мислам дека оваа финансиска полилција ако ја оствари својата работа, ќе донесе и милионски заштети за Република Македонија. Но, вака како што сте тргнале во старт мислам дека многу малку од ова ќе постигнеме, за жал.

Во однос на собирањето, обработката и анализирањето на личните податоци, членот 27 став 1, мислам дека мора да се внимава токму на личните податоци и да се применуваат сите закони за заштита на овие лични податоци, затоа што знаеме со кои закони тие се заштитени. На овој начин Финансиската полиција ги има сите овие средства, како што кажавте, од сите овие државни органи при сопствен интерес и може тоа да го направи.

Понатаму, во членот 35, тоа е соработката со државните органи.

Членот 37 - вработување на финансиски полицаец.

Тука имам две дилеми, дали овде финансискиот полицаец пред да биде примен на работа треба да има некој посебен курс во однос на употреба на огнено оружје и негова обука и оспособување, пред да стане финансиски полицаец, до колку години финансиските полицајц може да работат и она што ви е постапката за вработување, во членот 38 ставот 2 каде постои една модификација, да се примаат луѓе и постари од 35 години, со одобрување од министерот и со преземање од други министерства. Сега, која е целта на овој член во членот 38 став 2, мислам дека вие најдобро го знаете, доколку некој во некоја дирекција, сега финансиската поллиција дали е чекор погоре или чекор подолу. Мислам дека тоа треба да го дефинирате и нема потреба од овој став 2 и добро е да се размисли за него.

Понатаму членот 41 став 2, обврски на финансискиот полицаец и вели: "Да ја врши својата работа не пристрасно и без влијание од политичките партии, да не се раководи од свои политички уверувања, од лични финансиски интереси, да не ги злоупотребува овластувањата и да го штити угледот на финансиската полилција".

Јас пред малку говорев за криминалните групи. Вие тука кажувате политичките парти и политичките уверувања, но никаде не гледам криминални групи што едноставно тие се центарот од кој оваа финансиска полиција треба да ги регулира работите. Криминало е тоа што треба да се бара. Политичките партии ако го прават криминалот, има закони за политички партии. Доколку вие сте повикани во тој дел можете да ја завршите работата, доколку не сте тогаш делот треба да го заврши оној што е повикан за таа работа.

Во ставот 7 од истиот член, имаме описно давање на сите тие обврски и вели: "Опремата што му е дадена на користење за извршување на неговите должности, да ја употребува со должно внимание и како добар домаќин, во согласност со нејзината намена и истата да не ја користи во приватни цели". Мислам дека тоа апсолутно треба да отпадне и треба да се внесе член кој ќе каже - доколку лицето кое има обврска, финансиски полицаец, изврши злоупотреба, има казна за тоа. Тука нема дискусија дали ќе биде домаќин или недомаќин. Тоа го гледаме. Може да биде многу домаќин па на крајот да заврши недомаќински. За тоа треба да има казни и тука нема домаќин или недомаќин, завршена е работата.

Во членот 46, за платата, осигурувањето, надоместоците и наградите. Јас тоа го сваќам. Тоа е поврзано и со членот 54 и членот 56. Страв ми е само едно затоа што во членот 56 став 2 каде што се кажува - "покрај средствата од ставот 1 на овој член, Финансиската полиција остварува средства во висина од 25% од приходите од откриени и наплатени даноци, како и отстранување на посредната и непосредната имотна корист".

Понатаму - прибавени се извршени казнени дејства.

Јас кажав дека Република Македонија во моментот има и премногу вакви криминални и казниви дејства. Дали ова ќе предизвика, да речам атакување на финансиската полиција врз се што се може, затоа што од друга страна оној што ќе биде оштетен, нема такви криминални дејанија, а веќе е оцрнет. Тука не гледам дека има начин каде од овие 25%  на некого ќе му се исплати како оштета, затоа што бил нападнат, затоа што бил окривен за нешто што не го направил. Таква ситуација нема.

И, во вашите казнени одредби како што ги имате напишано, се казнените одредби на граѓаните кон финансиската полиција и правните лица доколку не ги остварат оние побарувања што ги има Финансиската полиција кон нив. Но, обратно не гледам никакви казниви одредби ни за вработените, ни комплетно за финансиската полиција, ни за дела во кои Финансиската полиција ќе направи, да кажам непроценлива штета во однос на некои фирми и компании, до колку бидат оцрнети и после ќе се прашуваме кој тука треба да плати оштета од два милиони. На крајот ќе ја платат граѓаните на Република Македонија. Затоа мислам дека во казнените одредби мора да се внимава и Финансиската полиција да ги има, а треба да се определат и казнените мерки во однос на самата финансиска полиција.

И покрај тоа што концепциски не се согласувам со ова прво читање на законот, ви кажав и зошто, затоа што и покрај тоа што кажувате дека треба да бидат на страна политичките партии и политичките уверувања на овие финансиски полицајци, на овој начин како што се прави Финансиската полиција, јас тоа не го гледам затоа што директно е замешана политиката, министерот за финансии, кој сака нека биде, денес еден утре друг. Значи тука уште во старт имаме ситуација во која политиката ја мешаме. Значи, или ќе

смогнеме сила и ќе направиме Финансиска полиција која ќе одговара само на еден човек во оваа држава, или пак ќе направиме финансиска полиција која ќе биде полиција на една политичка партија и која ќе ги тероризира другите политички партии. Ако е тоа целта, тогаш сме промашиле. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за финансиска полиција.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви на на Собранието ќе му достави Предлог на закон за финансиска полиција, при што ќе ги има во предвид мислењата и предложите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој Заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стеногравските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Пред да преминеме на гласање, прво, само да извршиме некои консултации.

(со Седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието на Република Македонија , Љупчо Јордановски)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Ако нема доволно пратеници за кворум, тогаш ве известувам дека денеска тука ќе ја прекинеме оваа седница, а утре продолжуваме со 122 седница. Тоа значи дека треба да гласаме по Мислењето на Комитетот, потоа доаѓа Предлогот за донесување на закон за заштита на правата и достоинството на лицата кои се хендикепирани и за родовата еднаквост. Тие се неколку закони што се на почетокот.

Утре во 11,00 часот продолжуваме со 122 седница.

(Седницата прекина со работа во 17,11 часот.)